**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ “ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Институт за педагогија**

**М А Г И С Т Е Р С К И  Т Р У Д**

# МОДЕЛИ НА СОРАБОТКА МЕЃУ УЧИЛИШТЕТО И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Ментор:

**Проф. д-р Снежана Адамческа**

Кандидат:

**Душанка Крстевска**

Скопје, 2012 год

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ............ **3**

**ДЕЛ 1** ............ **6**

1. ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И УЧИЛИШТЕТО – СКЛОП НА ОРГАНИЗИРАН СИСТЕМ ............ 6
   - 1.1. Локална заедница (Community) ............ 8
   - 1.2. Образованието во локалната заедница ............ 10
   - 1.3. Принципи и компоненти на образованието во заедницата ............ 11
2. УЧИЛИШТЕТО - ДИНАМИЧНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ .. 13
   - 2.1. Училиштата во кругот на општината ............ 14
     - *1.2.1. Историски развиток на основните училиштата во општината ............ 16*
   - 2.2. Училишна клима ............ 20
   - 2.3. Училиштето, неговите функции и карактер ............ 22
3. МОДЕЛИ НА СОРАБОТКА МЕЃУ УЧИЛИШТЕТО И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ............ 24
   - 3.1. Врската помеѓу двата клучни сегменти за развој ............ 26
   - 3.2. Остварени проекти во општина Илинден ............ 27
4. УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ............ 35

**ДЕЛ 2** ............ **45**

1. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО ............ 45
   - 1.1. Област (појава -тема) на истражувањето ............ 46
   - 1.2. Проблемска рамка ............ 47
   - 1.3. Предмет на истражувањето ............ 48
   - 1.4. Цели на истражувањето ............ 48
   - 1.5 Хипотетска рамка ............ 50
   - 1.6. Предистражување ............ 53
   - 1.7. Техники и мерни инструменти ............ 54
   - 1.8. Популација и примерок (истражувачки примерок) ............ 56

**ДЕЛ 3** ............ **58**

1. Анализа и интерпретација на резултатите ............ 58
   - 1.1. Квантитативна анализа ............ 58

1.2. Квантитативна анализа ........ 70

1.3. Квалитативна анализа и докажување на хипотезите ........ 79

1.4. Анализа на резултатите од истражувањето (анкети, протоколи и прашалници, интервју) ........ 82

*1.4.1 Интервју за директори на основните училишта........ 82*

*1.4.2. Интервју за градоначалникот на Општина Илинден........ 84*

*1.4.3. Протокол наменет за сите три директори на основните училишта........ 86*

*1.4.4. Анкета за членовите на училишниот одбор (анализа и интерпретација на резултатите за квалитетот и важноста на училишниот одбор)........ 88*

**ДЕЛ 4 ........ 101**

1. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 101

2. ЗАКЛУЧОК ........ 103

3. ПРИЛОЗИ ........ 104

АНКЕТА 1 ........ 105

АНКЕТА 2 ........ 108

ПРОТОКОЛ (наменети за сите три директори на основните училишта ) ... 110

ПРАШАЛНИК ЗА ДИРЕКТОРОТ ........ 111

ПРАШАЛНИК 1 ........ 112

ПРАШАЛНИК 2 ........ 115

ИНТЕРВЈУ 1/2 ........ 118

ПРОТОКОЛ ........ 119

ИНТЕРВЈУ 2/2 ........ 120

ПРОТОКОЛ за интервју на фокус- група директори на сите три основни училишта ........ 121

**ЛИТЕРАТУРА ........ 122**

# ВОВЕД

Училиштето претставува динамичен организациски систем кој укажува на неговото постојано движење по нагорна линија во однос на промените кои настануваат во денешницата. Самите тие промени ги предизвикува средината т.е нашето опкружување. Училиштето е тој сегмент кој постојано ги прифаќа новите образовни интенции и на истите им овозможува раѓање, заживување, опстојување но и нивно умирање во рамките на работната организација, за да на нивно место се родат и потоа заживеат нови и нови интенции.[1] Таквиот процес никогаш не запира, напротив тој се забрзува. Колку динамиката во училиштето е поголема толку тоа е поуспешно односно ефикасно. За остварување на таа ефикасност на самото тоа училиште (во нашиот случај – училишта) од голема важност е квалитетот на човечките, финансиските но и техничките ресурси, како и од успешното воспоставување на релација помеѓу локалната заедница и училиштата (градоначалникот и директорот). Секоја воспоставена релација значи придвижување на поставената организациска цел и нејзино извршување. За целосен успех потребно е успешно раководење со соодветно делегирање на одговорностите и трансферот на обврски.

Училиштето претставува организациски систем во кој основна цел е постигнување на високи резултати во согласност со вредностите во општеството т.е во локалната заедница, во рамките на воспитанието и образованието. Училиштето што знае што треба да работи и го работи тоа на вистински начин повеќе од сигурно е **ефективно и ефикасно** [2] Како што напоменавме училиштето е дејност каде се спојуваат два основни поими : **воспитание и образование** [3]

Овие два поими се клучните фактори за нормален развој на училиштата и често нивното дефинирање оди во различни насоки. Постојат различни дефиниции за поимите „образование" и „воспитание". Во педагошката пракса образованието се разбира како потесен поим од воспитанието. Воспитанието може да се толкува и

---

[1] Шкариќ, Ол., (2004), „Развојна психологија", Скопје,стр. 25-34
[2] Шкариќ, Ол., (2004), „Развојна психологија", Скопје, стр. 25-34
[3] Ратковиќ, М., (1997), „Образовање и промене",Београд

како дел од образованието, иако значењето на овие два поими може да се раздвои. Теоретски тие можат различно да се дефинираат, но непобитна е нивната дијалектична поврзаност, каде тие се преплетуваат и преклопуваат. Воспитанието е иманентна општествена дејност, историска категорија бидејќи ги поврзува историските епохи и векови, како и генерациска појава[4]. Воспитанието е намерен, плански и организиран процес со цел човечките индивидуи да се преобразат во потполни личности. Затоа истото се интерпретира како свесно и намерно, плански и систематски организирано делување на целокупниот развој, изградување и обликување на човекот во склад со одредена цел[5]. Образованието пак подразбира свесно организиран општествен процес во кој членовите на општествената заедница стекнуваат знаења и вештини потребни за вршење на нивните дејности. Образованието е севкупен систем каде централен елемент е човекот како творец на материјалните и културните вредности. Образованието е педагошки и дидактички конципирано, помалку или повеќе систематско организирано проучување и учење со кое единката стекнува општи и посебни знаења за светот[6]. Ако воспитанието се однесува на целокупниот развиток на личноста, образованието тогаш е потесен поим од воспитанието и е негов неразделен дел. Воспитно – образовниот систем е вкупност на поврзани и во своето делување обединети елементи кои во дадениот процес на работа, можат да придонесат за остварување на единствено утврдените цели и задачи за реализација на човекот. Воспитанието и образованието се фазите низ кои треба да помине секое дете, за потоа истото да се развие во личност.

Афирмирањето т.е реализацијата на овие поими се спроведува со помош и под раководство на локалната заедница, која го следи текот и развојот на училиштата, кои се во нејзин домен. Од особено значење е брзото и квалитетно внесување на промените во образовниот систем на една локална заедница, но уште поважно е нивното брзо заживување, кое секако не би успеало без постоење на вертикална и хоризонтална комуникација помеѓу клучните сегменти – локалната заедница и училиштата. Образованието е такво подрачје каде постојано се внесуваат иновации со помош на локалната заедница. Тие иновации во поново време се

[4] Ратковиќ, М., (1997), „Образовање и промене“,Београд

[5] Прирачник за наставниците во основонто образование,(2009) „ Настава и учење на 21-от век“, Скопје

[6] Прирачник за наставниците во основонто образование,(2009) „ Настава и учење на 21-от век“, Скопје

поинтензивни и посодржајни. Училиштето е седиште на училишната клима и училишната култура која добива повисок степен на развој ако во истата учествуваат сите алки на синџирот на развој – локалната заедница, градоначалникот, училиштата со наставниот кадар, директорот и училишниот одбор. Нивното взаемно функционирање придонесува нашата општина да стане современа и развиена во поглед на образованието. Затоа овој труд е насочен токму во тој правец. Самото истражување ќе ја третира таа врска на меѓусебна соработка како најсилен адут за создавање поволна клима за работа, дејствување и развивање во која добро мотивираниот кадар ќе ги надмине сите негативни влијанија на материјално-техничките како и финансиските недостатоци независно од која страна се јавуваат. Но, за да сето тоа успее треба да знаеме дека целото основно образование се темели врз однапред утврдени определби содржани во Уставот, Законот за основното образование, позитивните страни на нашиот образовен систем и анализите на задолжителното образование.[7] Според тој урнек на податоци и информации се развива образованието во нашите училишта и локалната заедница. Создавањето на пријатен амбиент за работа зависи од повеќе фактори, кои ќе бидат разгледани во нашава студија на случај.

[7] Според Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Р.М.“ бр. 63, 20.09.2004 год.)

# ДЕЛ 1

## 1. ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И УЧИЛИШТЕТО – СКЛОП НА ОРГАНИЗИРАН СИСТЕМ

*„Тимското работење подразбира способност да се работи заедно на заедничка визија, да се насочат индивидуалните постигања кон целите на тимот. Тоа е можност за луѓето со просечни можности да постигнат натпросечни резултати. Целината претставува повеќе од простиот збир на елементите."*

***Andrew Carnegie***

Времето во кое работиме и живееме ни наметнува најразлични концепти на живот. Истото тоа време е филтер низ кој поминуваат безброј „супстанци", кои во зависност од нивната цврстина остануваат и се задржуваат во секојдневието а некои се проголтани од тој филтер. Низ тој филтер поминуваат и многу системи, организации кои не се секогаш успешни во своето дејствување. Еден таков систем или повеќе склоп на организациски систем се локалната заедница и училиштата во истата, кои успеале да се задржат на филтерот и го надминале истиот. Секоја организација како општествен систем т.е склоп содржи два внатрешни фактори кои се особено важни за создавање на училиштето како организациски систем со локалната заедница. Тие два елемента - фактори се **институционалниот и индивидуалниот** фактор.[8] Првиот од двата фактора ги претставува официјалните улоги застапени од поединци (градоначалникот на лок. заедница). Ако овој фактор се разбира и при тоа се применува, потребно е да се респектира и индивидуалниот т.е. персоналниот фактор. Тој се занимава со индивидуалните потреби, способности

[8] Gerald U., Larry H., (1991) „The Principal, Creative Libersgipfor Efektive Schoos, Allyn and Bacon" USA, p.7-8

на самите вработени, наставничкиот кадар и директорот во училиштата[9]. Доколку во ваквиот склоп на организација се успее да се воспостави една рамнотежа помеѓу институционалното и индивидуалното, тогаш станува збор за „здрава организација". Во нашиот случај тоа е успешно и успешно функционира. Подрачјето **Соработка на училиштето со локалната заедница** има за цел да го стави во педагошко-дидактичка функција сето она што може да го понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, како и да влијае на подигнувањето на културното и образовното ниво на месното население, најмногу на младите корисници – учениците. Од педагошки аспект тоа подразбира училиштето активно да се вклучи во средината во која е лоцирано, редовно да ја информира истата таа средина за постигнатите резултати, присутни состојби и проблеми, да ја развива соработката со родителите на сите можни начини како и со други воспитно- обрзовни установи и институции од областа на културата, стопанството и разни други органи и организации кои транзитираат низ локалната заедница.




**Сл. бр.1 – Елементи на образовниот систем/организација**

Таква современа соработка претставува овој склоп на организациски систем помеѓу училиштата и локалната заедница. Таа соработка во нашата заедница е

[9] Петковски, К., (2000) „Водство и ефективна комуникација" Битола:Киро Дандаро

разгранета во сите три училишта и досега е навистина успешна. Истата е успешна затоа што тоа раководењето на самиот систем е координиран со поделба на одговорностите и трансфер на надложностите на сојузниците .

## 1.1. Локална заедница (Community)

Корените на зборот **Community** водат потекло од двата збора во индо-европското јазчино подрачје „com“ што значи **секој** и „ moin“ што значи **размена**. Кога овие два збора се употребуваат заедно, тогаш ја образуваат фразата што значи – **спoделено со сите**. Овој збор еволуирал и во латинското јазично подрачје и таму зборот „communis“ значи извор, најчесто користен како извор на вода. Но со тек на времето, Французите го адаптирале овој термин во „communer“ со што тој добил значење - употреблив за секого. Од сите можни значења на зборот „community“, кај нас е преземено неговото значење на **заедница** или со други зборови кажано, место кое не е ограничено со граници –териториjално, туку место определно со заеднички живот. Денес онаа заедница која учи, всушност во целост ја следи традицијата на значењето на зборот[10].

Денес, во нашето секојдневие со терминот заедница се означува место полно со активности, заемна почит, потоа признание за секој во тоа место кој е одговорен и е во соодноc со некој друг, бидејќи животот во таа зедница на сите е во заемна врска и релација. Заедницата што учи, всушност ја споделува заедничката обврска со училиштата во нејзин домен.[11] Училиштата и зедницата се места каде децата растат, ја негуваат и поддржуваат таа заедница гледајќи во неа понатамошен развој. Кога веќе ги напоменавме клучните фактори во местото на живеење треба да знаеме дека училиштата играат голема улога во креирањето на „природата“ на заедницата. Тој процес почнува уште при изборот на таа заедница како место на живеење на луѓето. Затоа природниот процес треба да стане дел од свеста на сите припадници на одредената заедница и сите заеднички да делуваат врз градењето на сигурна средина за живот и учење. Нашата локална заедница во тој поглед е доста развиена и унапредена. Заземајќи го местото на една од најуспешните општини на ниво на град

[10] Петковски, К.,2000г. „ Водство и ефективна комуникација“ Битола:Киро Дандаро

[11] Миленкова, В.,1/2005 „Менаџерска функција – контролирање во основите училишта“, „Образовни рефлекси“,Скопје.

Скопје, општина Илинден е место за почит во кое образовниот систем бележи одлични резултати.




**Сл. бр. 2 – Локалната заедница – општина Илинден**

Локалната заедница е развиена сама по себе, но таа е доста вклучена и во развојот на училиштата и целокупниот образовен и културен систем во општината. Општината т.е локалната заедница по жители е доста густо населена што е дополнителен успех за самата заедница. Колку бројот на населението се зголемува толку поголем успех доживува самата општина, бидејќи сите жители кои живеат заклучиле дека ова место ги содржи сите потребни услови за нормален и правилен развој на секој член од семејството. Локалната заедница е всушност институционалниот фактор во образовниот систем. Заедницата заедно со училиштата претставуваат динамичен склоп на активности кој е ефикасен во работата. На територијата на општина Илинден постојат три основни училишта и пет помали подрачни училишта. Основните училишта кои ја имаат и матичната улога во општината се : ОУ „ Гоце Делчев" во н. Илинден со подрачно училиште во с. Марино, ОУ„ Ристо Крле" во с. Кадино до подрачно училиште во с.Мралино и с. Бунарџик и ОУ„ Браќа Миладиновци" во с. Миладиновци со подрачните училишта од с. Текија, Бујковци и Бучинци. Сите овие училишта се дел од локалната заедница и дел од нејзината програма за развој. Соработката помеѓу локалната заедница и училиштата е на високо ниво на секаков план. Локалната заедница подеднакво води грижа за сите училишта преку најразлични финансиски поддршки за многу проекти од културен забавен и едукативен карактер. Општината Илинден можеме слободно да ја наречеме водач кон успехот, затоа што вистинскиот водач е пример што се следи. Таа е светилник што го осветлува патот по кој чекорат младите следбеници – идните генерации. Затоа за локалната заедница можеме да кажеме дека таа е

најсигурната алка од синџирот на образовниот систем. Општината е менаџментот во образованието, таа ги влече конците кон успехот и во тоа е успешна.

## 1.2. Образованието во локалната заедница

Сфаќајќи го училиштето и локалната заедница како динамичен склоп за афирмација на образовниот систем, можеме да кажеме дека тој склоп е ефикасен и ефективен во рамките на општина Илинден. Образованието во заедница е начин со кој луѓето го подобруваат квалитетот на својот личен живот, но и квалитетот на животот во заедницата преку учење и соработка. Таа им дава можност на членовите на заедницата, училиштата и другите организации да станат партнери за одредени прашања од едукативната сфера или општо од животот во истата таа заедница. Сето тоа претставува практична филозофија која овозможува на заедниците да ги идентификуваат проблемите но и ресурсите и да креираат сопствена иднина преку обезбедување можности за учење во различни периоди од човечкиот живот, преку развој на способности за водство но и преку фасилитирање на ефикасен и ефективен сервис за сите членови на заедницата. Затоа во рамките на оваа филозофија, луѓето како индивидуи но и како дел од партнерските релации имаат капацитети за процена на нивните потреби и развивање на стратегии за обликување на нивното социјално, политичко и економско опкружување.

Училиштето во заедницата е всушност место каде што учењето и животот се поклопуваат. Ова гледиште изразено од страна на пионерот на овој концепт и филозофија Елси Клап (Elsie Clapp), води до синергија на училиштето и заедницата во **заедница што учи**. Училиштето кое претставува центар за учење во заедницата е место за активирање на сите агенции и институции кои се обврзани да ги задоволат потребите од заедницата и да ги прошират можностите за учење на сите членови од заедницата[12]. Денешните училишта а со тоа и локалната заедница преминуваат од традиционален систем на функционирање во академски. Тоа значи дека тие се отворени за факултативни и рекреативни активности. Промените во општествениот контекст водат до промени во заедниците и образованието во таа заедница. Едукаторите т.е училишниот кадар го прифаќа овој концепт и се фокусираат на партнерства кои мора да постојат меѓу училиштата и заедницата. Едукаторите тука

[12] Петковски, К.,2000 г „Водство и ефективна комуникација“ Битола: Киро Дандаро

имаат проактивна улога и да ги подобрат училиштата во „мултисервисни“ институции кои соработуваат со други организации и владини тела. Училишната средина не е ништо друго туку само една рефлексија на целата заедница, па со градењето на посигурно, подобро и поефективно училиште всушност се подобрува целата заедница, како склоп од системи. Задоволувањето на потребите на различните ученици кои се дел од училиштата значи задоволување на различни семејни потреби, што значи реализација на планот на заедницата.

## 1.3. Принципи и компоненти на образованието во заедницата

Образованието е клучот за успешно формирање на една личност. Тоа треба да се стекне уште од најрана возраст а потоа само да следи негово надградување. Основното образовние и воспитание се добива најпрво во кругот на семејството, за потоа да ги опфати рамките на основното училиште. Образованието се реализира во училиштата кои се составен дел на заедницата-општината. Па ако тоа образование или воспитание се однесува на училиштата, по аналогија на нештата тоа се однесува и на заедницата. Затоа во заедницата се јавуваат неколку компоненти т.е. составни делови кои имаат за цел да го афирмираат учењето или образованието. Во заедницата се јавуваат следниве компоненти :

⇒ **Учење за цел живот** :

- сфаќање дека учењето продолжува во текот на целиот живот
- обезбедување формални и неформални можности за учење во секое доба од човечкиот живот
- обезбедување програми и услуги за сите членови во заедницата

⇒ **Вклученост во заедницата :**

- Промовирање на чувството за граѓанска одговорност
- Овозможување услови за членовите на заедницата да ги развијат и применат способностите за водство
- Промовирање на инклузивност на различна популација во сите аспекти на животот во заедницата
- Поттикнување за вклучување на членовите од заедницата во процесите на одлучување на локално ниво.

⇒ **Ефикасна употреба на ресурсите:**

- целосно искористување на физичките, финансиските, техничките и хуманите ресурси од заедницата за да се задоволат различните потреби на членовите
- редуцираност на дуплирањето на услуги и сервиси преку промоција на партнерските односи меѓу училиштата, организациите и институциите во таа заедница.

Освен овие компоненти кои се важни за одржување на соработката помеѓу училиштето и локалната заедница, постојат и одредени принципи кои се од фундаментално значење за долготрајно одржување на истата таа соработка. Заемната соработка доведува до атмосфера на размена на идеи и разни искуства меѓу вработените во училиштето и вработените во локалната заедница. Со изградената взаемна почит се дава изградено чувство на респектирање и уважување на индивидуите вклучени во целиот процес, во однос на нивната личност но и во однос на нивната работа. За да успее тој процес потребна е одредена флексибилност и отворена комуникација. Затоа и принципите на кои е засновано образованието во локалната заедница се рангирани по степен на користење .

» **самоопределување** – укажува дека луѓето во локалните заедници се тие коишто најдобро можат да утврдат што им треба и што сакаат и дека до оној степен до кој е можно би требало да учествуваат во донесувањето на одлуките кои го засегаат нивниот живот и развој.

» **локално ниво-** оние програми и услуги, како и настани коишто се најблиски до местата во кои живеат луѓето имаат највисок потенцијал за високо ниво на учество на јавноста и треба да се направат да бидат достапни за сите заинтересирани.

» **самопомош-** луѓето најдобро знаат на кој начин да си помогнат и треба да се поттикнуваат да преземат одговорност и со тоа да градат еден вид независност а не зависност.

» **интегрирано извршување услуги** - организациите и институциите подобро ќе ги остваруваат своите цели и ќе ги нудат своите услуги доколу тесно соработуваат и овозможуваат проактивно учество и од страна на своите „ клиенти“.

» **максимално искористување на ресурсите** - физичките, финансиските и човечките ресурси на секоја заедница мора да се користат во целост доколку целта е да се задоволат разновидните потреби и интереси на членовите на зедницата.

» **цела заедница-** укажува на тоа дека луѓето според возраста, приходите, полот, етничката припадност, религијата или според други фактори го инфибира развојот на заедницата во целост. Активностите и услугите што се изведуваат во заедниците би требало да опфаќаат најширок дијапазон на локалното население без разлика на платежната способност.

» **институционална покриеност-** сите јавни институции се создадени да ги опслужуваат луѓето и таквите институции имаат обврска да ги развиваат своите програми и услуги водејќи сметка за променливите потреби и интереси на нивната „ клиентела ".

Сите овие елементи т.е принципи претставуваат унија на култура на однесување во еден колектив. За да биде успешна и на високо ниво издигната и културата и самото образование во заедницата, треба во целост да се извршат сите должности и поставени задачи.

## 2. УЧИЛИШТЕТО - ДИНАМИЧНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ

Честопати слушаме дека училиштата се стремат да достигнат степен на **ефикасно и ефективно училиште**. Но дали двата термини се доволно поврзани за секогаш да одат заедно или ... ? И дали точно се знае што се подразбира под овие термини.

Денес кога знаењето станува потреба а образованието ни дава моќ, училиштата се стремат да формираат самоуверени и способни личности кои ќе ги поминат сите пречки во животот. Затоа училиштата си поставуваат цели да обезбедат квалитетно образование. Токму од тука произлегува и дефинирањето на поимот – *ефективност* – она што се прави во организацијата. Во поново време како синоним за ефективност се споменува и адаптибилност. Тоа доаѓа од потребата секое современо училиште постојано да се менува и адаптира на современите потреби на средината во која опстојува, но и пошироко. Училиштето што се стреми да стане ефективно и покрај упорната работа никогаш не станува такво бидејќи кога

ќе ја постигне целата новите услови на средината бараат нови цели и тоа е процес кој секогаш продолжува, а никогаш не запира. Тука веднаш се надоврзува *ефикасноста.* Тие се тесно поврзани затоа што ако *ефективноста* е **она што се прави** во училиштето, *ефикасноста* е **како се прави тоа**. Значи под ефикасност се подразбира начинот на кој се работи и врз база на тоа посигурно се стасува до поставена цел. Училиштето што знае што треба да работи и го работи тоа на вистински начин повеќе од сигурно е ефективно и ефикасно.

Но, се поставува прашањето какви биле училиштата некогаш, а какви се денес и каква интенција за развој имаат ?

## 2.1. Училиштата во кругот на општината

*„Децата никогаш добро не ги слушале возрасните. Но, тие никогаш и не престанале да ги имитираат “.*

***James Baldwin***

Писменоста и училишната зграда се двата основни показатели од кои може да се види на кој степен на образование се наоѓа населението во своето место на живеење. Состојбата на писменоста во сите населени места во општина Илинден била неповолна пред се зошто преовладувало старо неписмено население. Причините за таква неповолна состојба произлегле уште пред Втората светска војна, кога голем број на луѓе, пред се женското население не било запишувано во тогашните училишта.[13] Во повоениот период се презеле мерки за ликвидација на неписменоста и тоа кај она население на кое му поминала возрасната граница за редовно школување. За таа цел по војната биле организирани курсеви за здобивање на основно образование. Просветата и образованието биле важни прашања кои требало итно да се решат, непосредно по ослободувањето на Скопје. Во тоа време, секторот за образование (просвета) се зафатил со создавање на минимум услови за започнување на некаков вид на настава. Се оспособиле училишните згради а направени биле и списоци на наставно - воспитен кадар кој недостасувал во тоа

[13] Малковски, Ѓ. (2011) „Монографија на Општина Илинден“ ,Скопје : Општина Илинден, бр. на стр. 151

време. Затоа од редот на ученици од 4-ти клас на гимназиите па нагоре бил организиран учителски курс кој започнал со работа на 30-ти ноември 1944. На самиот тој курс учествувале 150 слушатели. Откако тој учителски курс завршил, со работа т.е. со настава започнале поголем број на училишта некаде кон крајот на декември во 1944 г. Одделот за просвета на ГНОО на Скопје на 27 декември 1944 г. обезбедил учителски кадар за повеќе училишта во градот.[14]




**Сл. бр.3 – Взаемната врска помеѓу училиштата и општината**

Веќе можеме да заклучиме дека секое време си има свое обележје и тоа обележје го префрла на училиштето кое работи во тоа време. Секое училиште е различно и културата во него е она што го прави училиштето да биде поинакво од другите заедно со целокупниот свој персонал и учениците. За градење на училишната култура низ годините, а со тоа и перспектива потребно е време и труд, напор и имплементација на промените во заедницата. На тој начин се создава современо училиште. Изјавата за мисијата, честопати претставува значаен сегмент кој влијае на изградувањето на училишната средина и култура. Делови од таа изјава во целина, кај училиштата со развиена училишна култура можат да се видат на истакнати места во училиштата како лого или мотив. Такви училишта се и нашите училишта кои се составен дел на општината Илинден. Тие се дел од „маркетингот“ на општината, бидејќи со своите успеси придонесуваат за нејзин успешен и богат

[14] Малковски, Ѓ. (2011) „Монографија на Општина Илинден“ ,Скопје : Општина Илинден, бр. на стр. 151

развој. Во општината трите училишта имаат свој засебен историски развој и со тоа се издвојуваат како централни во своето подрачје, но сепак се една целина која го презентира образовниот систем во општината. Таа нивна релација е искажана преку взаемната врска на комуницирање и постигнување на високи резултати.

### 1.2.1. Историски развиток на основните училиштата во општината

*„Јас го разбирам светот како поле за културно натпреварување на народите".*

***Гоце Делчев***

#### 1. Основно училиште „ Гоце Делчев"



**Сл. бр. 4 – Основно училиште „Гоце Делчев"**

Основното училиште „Гоце Делчев" е основно деветгодишно училиште кое се наоѓа во Општина Илинден на патниот и железничкиот правец Скопје-Куманово. Во ова училиште учат ученици од населените места Илинден и Марино. Се работи во два објекта, едниот е во Илинден а другиот во Марино кои се во непосредна близина. Наставата се изведува на македонски јазик. Ова училиште со работа започнува на 12 септември 1945 г. како четиригодишно, со само три паралелки и стотина ученици со три учители. Во почетокот работело во мала приватна зграда, во учебната 1953/54 се сели во новоизградениот задружен дом и таму работи се до 1963

година, кога било разурнато од земјотресот на 26 јули 1963 г. Во 1964 година училиштето е прогласено за централно со подрачните училишта во селата Бунарџик и Кадино, кое за прв пат прераснува во полно основно училиште. Вкупниот број на ученици се искачува во оваа учебна година на 1058, распоредени во 32 паралелеки со вработени 38 наставници. Во условите на забрзан развој а соодветно на тоа и проширувањето на училишната дејност наставниот процес се повеќе се усовршува. Се применуваат посоодветни наставни средства, се збогатува мотивираност и интересот на учениците за образување. Бројот на ученици од ден на ден се повеќе се зголемува, за да денес достигне бројка од 1088 ученика, распоредени во 39 паралелки до 69 вработени.

## 2. Основно училиште „Ристо Крле“



**Сл. бр. 5 – Основно училиште „Ристо Крле“**

Првото основно училиште (четиригодишно) во с. Кадино било отворено во 1928 година. Пред неговото отварање наставата се одржувала во с. Бунарџик. Училиштето било отворено по молба на селаните и било сместено во една приватна куќа каде што собирало до 60 ученици. Во 1934г. повторно по иницијатива на мештаните започнало да се гради ново училиште во селото. Од доброволниот прилог на селаните во износ од 6000 динари и 17000 динари доделени како помош од општината во 1934 година почнува да се гради првото основно училиште во селото (четиригодишно). Изградбата била завршена во 1939 година кога било пуштено и во употреба. За прв учител бил назначен Никодин Урдаревскиод с. Чучер – Скопско.

Од 1930-1931 учителка била Надежда од Скопје, а од 1931-1938 ја заменува Милева Радин од Далмација.

Меѓу првите училишта кои кон крајот на 1945 г. започнале да работат со настава на македонски јазик на територијата на денешна општина Илиден било и основното училиште во с. Бунарџик. Тоа училиште како постојано основно училиште го одржувале во работа и првите наставници – Милан Бојковски, учителката Николина, Звезда Петрова и Милица Чочоровска се до 1959 г. Во тоа училиште настава посетувале 60-70 ученици, чија настава се организирала во две комбинирани паралелки. Денес во 2011 година, во ова село работи само едно подрачно училиште од 1- 4 одделение со околу 30 ученици.

При крајот на 1945 г. со редовна настава на македонски јазик започнало да работи и основното училиште во с. Кадино. Во 1945/46 била отворена и седмолетка но, поради немање на соодветен стручен кадар била затворена за само две години. Од учебната 1947/48 до учебнанта 1957/58 , тоа училиште имало нагорен тренд на развој и константно зголемување на бројот на ученици кој достигнал преку 100- запишани ученици. Од година во година селото се ширело и развивало а со тоа растел и бројот на жители. Се наметнувало потреба од проширување на старото или градење на ново училиште. Во 1978 год. со самопридонес на граѓаните на град Скопје, почнало да се гради новото училиште кое започнало со работа на 15.10.1979 година како подрачно училиште на централното основно училиште „Гоце Делчев“ во н. Илинден. Во тоа училиште настава посетувале преку 300 ученици од 1 до 4 одделение. Во состав на истово ова училиште се присоединиле и учениците од с. Мралино и селата Бунарџик и Ајватовци. Училиштето работело како подрачно училиште се до 1981 година кога било регистрирано како централно основно училиште. Подоцна во 1988 година било отворено и едно забавиште со околу 30 деца, како и прва библиотека со преку 2000 книги. Во 2000 година името на училиштето се преименува во ОУ„Ристо Крле“.

Денес наставата се одвива по современи наставни планови од страна на високо образован наставен кадар.

## 3. Основно училиште „Браќа Миладиновци"



**Сл. бр. 6 – Основно училиште „Браќа Миладиновци"**

Во с. Миладиновци тогашно Александрово, првото училиште се отворило во 1937 година. На почетокот училиштето било сместено во приватна куќа на Воја Мичиќ, претседател на општина Бунарџик и во куќата на баба Вела од село Миладиновци. Куќата на В.Мичиќ се наоѓала во непосредна близина на железничката станица Миладиновци, непосредно до поранешниот млин и трафостаницата во селото, сега на околу сто метри јужно од сегашното основно училиште. Кога почнало со работа училиштето, настава посетувале ученици во прво и второ одделение, додека трето и четврото учеле во основното училиште во с. Бунарџик. По одреден период, и по иницијатива на В.Мичиќ во 1939 година била изградена училишната зграда со пари од општина Бунарџик, како и со средствата собрани по пат на самопридонес од мештаните од тоа село. Во новото училиште било овозможено децата од селото за прв пат да посетуваат целосна настава од 1- 4 одделение. Наставата ја изведувале српски учители на спрски јазик. Првата учителка била Лепосава Јанковиќ од Србија. Таа била учителка се до 6 април 1941 г. кога од страна на Бугарите била протерана од Македонија. Во училиштето тогаш настава посетувале 60-70 ученици во сите одделенија. Таму учениците престојувале цел ден, со време одредено за јадење. Од тогаш наваму училиштето претрпело одредени измени и се развивало константно без прекин, за да денес стане она што е – модерно, големо и уредено основно деветгодишно училиште.

Историскиот развој на сите три училишта е доста важен, имајќи предвид во какви услови почнале да се развиваат истите и со колкав број на ученици работеле.

Денес училиштата се најважните елементи на локалната заедница. Таа се гордее со нив, затоа што истите прераснаа во образовни установи со полн капацитет на ученици, наставнички кадар и безброј високи резултати. Овие три училишта константно го одржуваат културно - просветниот и воспитно -образовниот процес во општина Илинден.

## 2.2. Училишна клима

Организациска клима е чувство за организација, односно индивидуалните и споделените перцепции и ставови на членовите на истата таа организација. Додека организациската култура има длабоки корени во природата на организацијата кои што се резултат на долгорочното постоење и опстојување на формалните и неформалните системи, правилата, традициите и обичаите, дотогаш организациската клима има краткорочен феномен создаден од постојано водство. Климата ги одразува верувањата за чувството, што за организацијата го имаат нејзините членови. Создавањето на пријатен амбиент во кој се остварува воспитно - образовниот процес, вклучувајќи ги тука и покрај материјално -техничките услови и меѓусебните односи на сите учесници во реализацијата на процесот ја претставуваат климата на училиштето. Индивидуалната перцепција во поглед на она што го чувствуваат за организацијата произлегува од тоа што луѓето мислат и веруваат за активностите кои што се преземаат во организацијата. Овие активности влијаат како на индивидуалната мотивираност и задоволство од работата, така и на заедничката и тимска работа.

Климата како функција или реакција од организациската култура помеѓу двата клучни сегменти (општината и училиштата) се занимава со емотивниот момент односно чувствата на луѓето – членовите на организацијата (градоначалникот и наставничкиот кадар, директорот) и начинот на кој ја доживуваат работата или обврските. Климата на едно училиште/училишта е дел од организациската структура и практично се занимава со амбиентот во истата таа организирана структура. За да се изгради позитивна училишна клима потребно е вработените во училиштето (наставничкиот кадар) одлично да владее со сите пет карактеристики важни за нивното однесување и тоа : стручна, кадролошка, едукативна, симболичка и културна. Но и покрај наставниците за создавање и одржување на климата на училиштето секако допринесуваат и учениците, сите

органи на локалната заедница и др. Воспоставувањето чести контакти со родителите исто така оди во прилог на подобрување на училишната клима, како и верувањето дека секое дете може да биде добар ученик. Училишната клима се остварува со постојан контакт со локалната заедница на тој начин што таа постојано се известува за сите постигнати добри резултати и за сите проблеми кои наидуваат на патот кон успехот.

За да едно училиште (а нашите училишта тоа го исполнуваат) има добра клима треба да има[15] :

- воспоставена уредна и пријатна средина за работа
- воспоставен систем на вредности и систем на наградување
- воспоставена атмосфера на ред и дисциплина
- воспоставена добра соработка со родителите
- воспоставен систем за развивање на позитивни ставови кај персоналот
- воспоставен систем за донесување и спроведување на одлуки
- воспоствен систем на отворени и чести комуникации со локалната заедница

Ако се вака поставени нештата на функционирање тогаш неизбежни се успесите и добри резултати на сите три училишта во нашата општина. Функционирањето по утврден план прави да се постигне поголема ефективност во својата организација. Но, често таа училишна клима ја детерминира и самата локална заедница, затоа што таа е главниот фактор за успешната работа на училиштата. Всушност желбите на работниците (наставниците) произлегуваат од факторите кои меѓусебно преплетувајќи се ја детерминираат организациската клима[16], кога станува збор за училиштата –училишната клима, а тоа се :

- материјално - технички услови
- финансиски услови и
- човечкиот фактор (локалната заедница)

Овие фактори дејствуваат во взаемна релација и даваат позитивни резултати (сл. бр.7).

---

[15] Петковски К. (1998), „Менаџмент во училиштето“, Скопје: НИРО, Просветен работник, стр.42

[16] Петковски К., (2000) „Водство и ефективна комуникација“, Битола: Киро Дандаро, стр. 123




**Сл. бр. 7 – Училишна клима**

## 2.3. Училиштето, неговите функции и карактер

*„ На секој чекор дозволете му на детето да го вкуси животот онаков каков што е. Никогаш не ги симнувајте трњата од ружите".*

***Непознат мислител***

Училиштата кои се наоѓаат во нашата општина (Општина Илинден), имаат свои обележја и свои карактеристики кои ги издвојуваат од останатите училишта на ниво на град Скопје. Овие училишта сами по себе прават да бидат првите училишта кои добро соработуваат со локалната заедница, кои имаат остварено добро училишна или локална клима на функционирање. Училиштата (три на број) и локалната заедница имаат формирано еден динамичен склоп на функции, цели и задачи кои ги реализираат низ годините на развој. Нашите училишта имаат поставено одредени цели кои влегуваат во целите на основното образование, кои на нивните корисници т.е. ученици ќе им овозможат богат културно - просветен и воспитно - образовен развој. Сите тие цели и задачи се остваруваат преку наставата во училиштата. Наставата е најорганизирано планско образование преку кое учениците се здобиваат со знаење, развиваат способности и градат ставови. Наставата опфаќа три главни фактори : наставник, ученик и наставни содржини. Ако отсуствува еден од нив, без разлика кој, тоа веќе не е настава. Наставата се

организира и реализира според наставни програми за задолжителни, изборни и факултативни програми, што се изучуваат по одделенија согласно Наставниот план за основно училиште. Нашите училишта тој наставен план, без разлика за каква природата на предметот станува збор го реализираат низ одредени цели и задачи, со што го одразуваат свој карактер и функции на дејствување. **Целите** кои влегуваат во доменот на функции на училиштата се :

- индивидуален развој кој е сообразен со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики,
- усвојување знаења и умеења за природата, општеството и човекот,
- оспособување за примена на знаењата и умеењата во животот и натамошното образование,
- развивање чувство за одговорност, праведност, трудољубивост, смисла за убавото, културните традиции, припадноста на Република Македонија и почитување како и исполнување на граѓанските права и слободи.

За да се постигнат целите на училиштата, кои се во рамките на основното образование поставени се соодветни задачи, низ кој се реализира карактерот на секое училиште засебно.[17] Но, бидејќи нашите училишта се дел од една иста локална заедница, која никогаш не ги рангира по степен на важност, карактерот т.е. **задачите** на сите три училишта се исти а тие се :

- градење навики за правилен физички и ментален развој, како и создавање одговорност за сопственото здравје, здравјето на другите;
- поттикнување и помагање на сознајниот, емотивниот и социјалниот развој на учениците (развивање позитивна слика за себе, самопочитување и самодоверба);
- развивање самостојност, креативност и интерес за усвојување на нови знаења и способност за учење;
- создавање услови учениците да стекнуваат основни знаења и умеења од подрачјето: јазик, литература, математика, природни и општествени науки, техничко, уметничко и физичко образование, како и доживување и користење на истите како начин за сопствено изразување;

---

[17] Биро за развој на образованието и Прирачник за наставниците од основоното образование,(2004), Скопје стр. 12-14

- оспособување на учениците за усно и писмено изразување на мајчиниот јазик;
- усвојување на знаењата за минатото, традициите и државност на Р.Македонија;
- изучување странски јазици и запознавање со културите и вредностите на другите земји;
- воспитување на учениците за почитување на основните слободи и права на човекот како предуслов за живеење во демократска заедница.

Со запознавањето и реализирањето на целите и задачите на основните училишта ќе помогнеме и ќе си дадеме одговор на прашањето, кое често се поставува : ***Зошто е потребно ова да го учат децата и како ќе им користи?***

# 3. МОДЕЛИ НА СОРАБОТКА МЕЃУ УЧИЛИШТЕТО И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

*„Предметите се управуваат а луѓето се водат"*

***К. Петковски***

Денес кога најмногу се инвестира во образованието и во неговата афирмација, главна улога во тоа дејствување или тој развој има локалната заедница т.е општината во која се наоѓаат тие училишта. Општината е главната алка од менаџментот на целото тоа училиште. Менаџментот или водството како пристапи на работа на општината веќе се развиени во организациска теорија и применети во училишната практика, барем во нашите три училишта. Но познато е дека општината со менаџментот е само дел од водството или дека водството на општината се сведува на менаџмент.[18] Од различноста на ставовите можеме да заклучиме дека врската или моделот на соработка е многу дискутабилен и експлоатирано а се уште е во развој. Но, оваа соработка веќе оди во нагорна линија и доживува успеси.

---

[18] Кралев Т., (1998) „Основи на менаџмент" второ издание, Скопје: Центар за интернационален менаџмент, стр 5-10.

Зборот менаџмент е преземен и веќе е одамна вдомен во нашиот јазик. Во превод значи **управување**.[19] Неговото буквално значење е и буквално реализирано во образованието, затоа што општината е таа која управува со училиштата. Менаџментот во образованието е активен процес кој тече во континуитет и не се однесува само на раководното лице т.е не го сочинува само едно лице туку тоа е склоп на повеќе индивидуи или лица. Односно менаџментот се однесува на се што треба да се реализира во тие училишта низ годината, месецот со помош на општината за да се овозможи тоа да се случи. Тоа се прифаќа како култура на живеење во организациите и постои во сите организации и во сите училишта на ниво на град Скопје. На тој начин се доаѓа до суштината на менаџментот: постапките на поединци (градоначалникот) здружени во остварување на заедничка цел (во училиштата во воспитно – образовниот процес). Тргнувајќи од фактот дека секој поединец е различен се доаѓа до заклучок дека не постои единствен успешен начин на управување со организациските системи. Во секоја организација менаџментот мора да соодветствува на внатрешните и надворешните ресурси, услови и ситуации.

Менаџментот во образовните институции посредно или непосредно вклучува голем број на луѓе. Од тие причини, практикувањето на менаџментот мора да биде стручно, чесно и веродостојно. Менаџментот во образовните институции нужно бара партиципирање и поддршка од вработените и поширокатa заедница. За да ги задоволи потребите трајно, менаџментот мора да делува според стратегијата на веродостојност. Елементите на таа стратегија се: одговорно водење на училиштето, водење преку комуникација и креативно водење и на крај иновативно водење. Нашата општина сите овие четири вида на водење ги реализира во сите три училишта согласно со директорите на истите тие училишта. Менаџментот како институција, во нашиот случај општината го сочинуваат луѓето, вработените кои се колективно или индивидуално одговорни за тоа како се извршува работата и исполнува мисијата на организацијата те. училиштата. Менаџментот претставува процес со кој се прави обид успешно да се постигнат целите на тој динамичен организиран склоп помеѓу училиштето и локалната заедница. Во нашиот случај тој склоп е остварен и реализиран во целост.

[19] Гоцевски, Т.,(3-4/1999г) „Потребата од менаџмент во образованието и рехабилитација" Дефектолошка теорија и практика,Скопје

## 3.1. Врската помеѓу двата клучни сегменти за развој

За да биде тој склоп динамичен и реализиран потребна е една константна врска т.е комуникација помеѓу двата клучни сегменти а тоа се училиштата и локалната заедница – општина Илинден. Поточно кажано врската го претставува реализираниот менаџмент во доменот на образованието. Односно секој менаџер е насочен кон постигнување на целта за да стане успешен, треба да ги обедини теоријата и практиката, но и секојдневно да се надградува во зависност од темпото и интенциите на средината. Општината Илинден е успешен менаџер, затоа што секојдневно ги реализира своите зацртани планови во врска со образованието и афирмирање на училиштата. Општина Илинден е успешна во својата работа затоа што заедно со училиштата прават распределба на обврските и задолженијата и на тој начин ги распоредуваат менаџерските функции кои се важни за успешна иреверзибилна врска. Кога станува збор за тие функции кои треба да ги извршуваат менаџерите на двата клучни сегменти, треба да знаеме дека тука влегуваат голем број на функции, наизменично распоредени. Некои од тие функции се: планирање, организирање, контролирање, насочување, мотивирање, координирање, иновирање, креирање, раководење, комуницирање, преговарање, предвидување, влијание, оценување и на крај одлучување. Сите овие функции можат да се сведат на четири основни: планирање и одлучување, организирање и управување и контролирање што се особено значајни за работата на училиштето[20].

Токму таква взаемна врска имаат општината и училиштата во неа. Тие најпрво смислуваат стратегија за делување па потоа го реализираат тоа, односно ја поврзуваат теоријата (можностите) со практиката (потребите).

<u>**Планирањето**</u> претставува вовед во селектирањето на намерите и целите на општината кон училиштата. Откако ќе се утврдат краткорочните и долгорочните цели се преминува на изготвување на плановите за реализација низ училиштата. Планот е средство за акција и начин за остварување на целта. Во тој план се конкретизирани замислените содржини што треба да се претворат во реалност. Многу е важно функцијата планирање да е ефикасна за да може да се очекува нејзино остварување.

---

[20] Кралев Т. (1989), „Основи на менаџмент“, второ изнадие,Скопје: Центар за интернационален менаџмент, стр 8-12

**Организирањето** е механизам кој овозможува правилно групирање на активностите и усогласување на работата и ресурсите на таков начин што ќе овозможи остварување на целта. Самиот менаџер (општината) го иницира организирањето, го канализира и секако го надгледува затоа што токму од неа произлегуваат дадените ресурси и нивната распределба за користење.

**Раководење** е функција која го опфаќа водењето и насочувањето на персоналот кон остварување на целта. Тука мислам на наставничкиот кадар и директорот, кој по одредено насочување од градоначалникот и нивна согласност одат кон остварување на целта. За тоа е потребно да се создаде клима за работа, да се мотивираат вработените, да се обучат и да се отстранат или пак надминат сите пречки до остварување на целта.

**Контролирање** е функција со која се создаваат мерки и активности за осигурување на планот. Овие активности се преземаат за да се санираат можните препреки. За надгледување и прилагодување кон препреките потребно е високо ниво на знаење, способности и други лични но и општи особини на менаџерите, независно кои се тие – општината или наставниците.

Градејќи ја врската врз овие основни принципи, училиштето и општината постојано создаваат нов концепт на воспитно – образовниот систем во самата општина. Тие инвестираат во училиштата зошто знаат дека тука инвестираат и во иднината. Младите ученици некогаш ќе станат нивни соработници, затоа целта е внесување нови и реализирање на потребите на учениците во самата општина.

## 3.2. Остварени проекти во општина Илинден

Гледајќи ја општина Илинден како современа и високо рангирана општина на листата за одлични места на живеење, можеме да кажеме дека таа постојано се усовршува и модернизира. Таа се развива на секое поле од животот но во последно време главен приоритет и е секторот за образование и култура. Општината постојано инвестира во образованието бидејќи е во постојан контакт со училиштата кои работат на нејзин терен. Во тој поглед таа има остварено голем број на проекти во областа на обнова на училиштата, поттикнување на учениците за нивни развој, нудење дополнителни можности за усовршување на тие знаења и градење на нови културни и спортски центри за нивна рекреација и спортување. Таков концепт на

развој таа започнала да практикува одамна, и тоа трае до ден денес. Инвестициите во општина Илинден се во рамките на образованието, спортот и културата. Ние ќе ги наведеме оние кои се од клучна важност за зајакнување на меѓусебната врска помеѓу општината и училиштата. Односно во текот на 2010 година, во делот на подобрување на образованието, инвестирано е во реконструкција, санирање и подобрување на образовните установи во целата општина. За таа намена издвоени се финансиски средства во висина од 10.577.830,00 денари од сопствените приходи на Општината.

Од основниот Буџет на општина Илинден издвоени се 3.863.587,00 денари за плати за дополнително вработениот наставен и технички персонал во училиштата. За стоки и други услуги издвоени се 927.537,00 денари. За подобрување на квалитетот на образовниот процес во основните училишта во 2010 година, Општина Илинден во делот на капиталните инвестиции, инвестираше финансиски средства во висина од 3.936.367,00 денари.

Со цел да се обезбедат квалитетни услови за реализирање на наставната програма, како и да се подигнат нормите и вредностите, а тука се и стандардите во образованието, во изминатите пет години, од Буџетот на Општина Илинден во образованието се вложени вкупно 32.761.375,00 денари. Нивната распределба е реализирана низ новите проекти и настани кои се одвиваат на територија на Општина Илинден. А тие се:

## 1. Културен едукативен центар „Илинден“

Општина Илинден во 2005 година формира „Културен Едукативен Центар-Илинден“ за учениците од 1-9 одделение, и со тоа стана единствен од ваков вид на ниво на нашата држава. Овој центар им дава можност на учениците за дополнително и доброволно образование надвор од нивните наставни содржини. Но, иако се еден вид на вонаставни проекти, тие им користат во секое друго поле од животот. Учениците имаа можност да посетуваат дополнителни часови по странски јазици и тоа: англиски, германски, шпански и италијански. Во овој културен центар учениците имаат можност да посетуваат часови по гитара и уметност. Во 2009 година од самиот Центар дополнително се понудени модерен балет и традиционален фолклор. Посетата на сите курсеви е бесплатна и финансирана од Буџетот на Општина Илинден и е уникатна по својата дејност во Република Македонија. Секоја

година на учениците кои успешно ќе ги завршат тие бесплатни курсеви им се доделуваат дипломи на свечен начин.

Главна причина за реализација на овој проект е да се помогне во подигнувањето на квалитетот на образовниот процес и да се придонесе младата популација да се здобие со нови образовни и културни, како и морални вредности. Огромниот интерес на учениците за овие курсеви и покрај тоа што истите се одржуваат во сабота, денот за одмор на учениците, покажува дека реализацијата на овој проект е од вистинска потреба и има огромна поддршка од локалното население и од советот на родители. Пред се затоа што учениците ефикасно но и ефективно го користат слободното време, и добиваат плус нови знаења и познавања. Во учебната 2010/11 бесплатните курсеви успешно ги завршија 650 ученици од основните училиштата во Општината.

## 2. Ден на дрвото – засади ја својата иднина

Секоја година, редовно учениците од ОУ „Гоце Делчев" имаат практична настава во природа. Истата настава се реализира на **денот на дрвото- засади ја својата иднина**. Тоа е работна акција каде учениците активно учествуваат на најразличен начин. Ден на дрвото- засади ја својата иднина, е инвестиција од самата Општина и инвестиција во процесот на зачувување на своја животна средина од најмладите. Тој ден, во кој се вклучени голем број на ученици се засадуваат различни видови садници. Со самата акција учениците од 1-9 одделение од сите основни училишта се стекнуваат со знаења од екологијата. Кај нив се развива еколошката свест и култура за чување и одржување чиста животна средина. Додека се одбележува тој ден, соработката меѓу наставниците и учениците, како и со претставници од локалната заедница е секогаш на завидно ниво.



**Сл. бр. 8 – Ден на дрвото**

Таа соработка подразбира и подучување од страна на наставниците за некои поими од екологијата, стекнатите знаења учениците ќе ги користат во животот.



**Сл. бр. 9 – Соработка со наставниците на денот на дрвото**

## 3. 12[та] меѓународна литературна манифестација „Илинден 2011“

Меѓународната литературна манифестација „Илинден 2011“ започна во чест на починатиот поет од Општина Илинден, Драган Крушкаровски. Од нејзините почетоци па до ден денес таа континуирано развива интерес кај младите ученици кои ја сакаат литературата. Таа секоја година, па и оваа ја оствари својата цел – интензивирање и промовирање на современите културни достигнувања. Успеа во намерата да ја запознае пошироката културна јавност со творештвото и постигнувањата во опкружувањето и пошироко, но и со достигнувањата на современата македонска поезија во земјава и странство, секако финансирано и инвестирано од локалната заедница.

Посебно радува податокот што од година во година се поголем е бројот на домашните, но и на странските учесници на овој поетски хепенинг, кој добива се поголема меѓународна афирмација. Самата манифестација претставува успешен проект на општината во сфера на образованието, затоа што тука се афирмира јазикот, стилот и желбата за поезија од учениците од сите три основни училишта.

На оваа манифестација, подржана од Министерството за култура и Друштвото на писателите на Македонија, традиционално како и во изминатите години посебен акцент се става на афирмацијата на младите поети. Настапот на младите поети, кој му претходи на главниот настан – Поетски митинг, на кој учествуваат тие секогаш привлекувал посебно внимание. Тоа е одлична шанса овие неафирмирани автори да ги презентираат своите достигнувања во областа на поезијата. На најдобрите три млади

автори им се доделуваат соодветни награди. Оваа манифестација секогаш е збогатена и со традиционалното Литературно матине за деца, потоа ликовни изложби на уметници од општината, рецитали на стихови и др.

На литературното матине за деца, секоја година настапуваат познати детски писатели. Оваа година во ОУ„Гоце Делчев“, манифестацијата ја посетија писателите: Александар Попоски, Стојан Тарапуза, Перо Миленковски, Киро Донев и Македонка Јанчевска. Паралелно со нив, со свои творби се претставија и учениците од основните училишта во Општина Илинден. По претставувањето на најдобрите автори на три песни од секое училиште им се доделуваат награди и пофалници.

## 4. Подари книга за јајце

Општината Илинден секогаш внесува новитети во образовниот процес се со цел збогатување на истиот, но и развивање на еден понаков воспитен процес кај учениците и нудење нов начин на културен развој. По повод големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден, Општина Илинден од 2007 година па наваму ја организира манифестацијата под мотото „Подари книга за Велигденско јајце“- симбол на Воскресение Христово. Манифестацијата се одржува во секое од трите големи основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Илинден.

Од страна на учениците секоја година се украсуваат велигденски јајца, за потоа тие украсени и декорирани јајца се доделат на секој посетител на манифестацијата кој ќе подари книга. Оваа акција е подржана од страна на учениците, наставниците и граѓаните на општина Илинден. Со книгите, кои ќе бидат собрани за време на акцијата се збогатуваат училишните библиотеки на трите основни училишта. Истата оваа акција е подржана од самата општина и нејзиниот градоначалник, кој при посетата подарува значителен број на книги за сите библиотеки.

## 5. Спортски манифестации во општина Илинден

Општина Илинден, но и трите основни училишта се почитувачи и верни корисници на спортот. Кога станува збор за спортот и спортските манифестации, можеме слободно да кажеме дека младите имаат повеќе избор каде да го поминат

слободното време без разлика за кој спорт станува збор. Општината постојано инвестира во тоа поле, гради спортски сали, тениски и школски игралишта и ги снабдува со потребните материјали за работа. Секоја година во општината се организираат спортски турнири во мал фудбал и во машка и женска конкуренција. Сите три училишта можат да се пофалат со завидни резултати, богат број на пофалници и медали. Во поново време високи резултати бележи женската фудбалска организација на чело со младите професори – спортисти. Исто така спортот го почитуваат и постарите организирајќи фудбалски турнири во сите населени места на општината во чест на нивниот сограѓанин Драго Маневски. Општината е главен спонзор на сите тие манифестации, како од финансиска гледна точка така и материјално- техничка.

## 6. Нова модерна лабораторија по технички науки во ОУ „Гоце Делчев"

Основното училиште „Гоце Делчев" е првото училиште во општина Илинден што се здоби со нова модерна лабораторија по технички науки. Инвестицијата вредна 5.000 долари, Општина Илинден ја реализираше во соработка со Академијата за развој на образованието USAID-POO, како дел од Проектот за подобрување на квалитетот на образованието и обезбедување подобра околина за учење на учениците. Работејќи заедно со Министерството за образование, Општината со училишната администрација и со наставниците, но и со соработка со училишниот одбор, сега имам една прекрасна лабораторија на која учениците и се радуваат и восхитуваат, и се отворени за нови знаења. Ваквите проекти внесуваат желба кај учениците за стекнување знаења во модерни и современи училници. Затоа што сега тие имаат место каде што ќе можат да покажат што знаат, што научиле. Во таа лабораторија учениците можат да стекнат знаења од области на електротехниката, дизајнот, архитектурата, физиката и слични модерни науки. Сама појава на оваа лабораторија побудува желба за нови знаења, па затоа и еден од претставниците и учесниците во проектот, Шерон Келман Јет изјави:

*-„Јас имам образование од областа на јазиците, но кога би го вратила времето назад со сигурност би одбрала нешто друго."*

Со проектот беше опфатено комплетното реновирање и опремување на лабораторијата по техничко образование со нов мебел, опрема и алат. Новиот кабинет е опремен со кутии за лего робот, роботска рака, електронски контролни кутии, модели со сончеви комори, контролни кутии за управување, ЛЦД проектор, како и работни маси и столчиња за учениците. Опремувањето на оваа техничка лабораторија многу ќе придонесе за зголемување на употребата на компјутерите и интернет технологијата во училиштата, како и ревитализација на образованието по математика и природни науки.

## 7. Првата детска градинка во општина Илинден

Инвестирањето во образованието од страна на Општина Илинден е секогаш на завидно ниво. Еден од многуте проекти на општина во областа на образованието е и отварањето на новата и првата градинка во општината. На свечен начин и во присуство на голем број на граѓани и деца беше отворена првата детска градинка. Објектот – детска градинка е предаден во употреба од страна на потпретседателот на Владата на Р.Македонија, Зоран Ставревски, потоа градоначалникот на Општина Илинден и секако државниот секретар во Министерството за труд и социјала. Со отварањето на детската градинка, општината стана уште попријатно место за живеење. Таа стана современа и модерна општина, која ќе ги прими сите деца од предучилишна возраст. Градинката е пријатно место за стекнување на воспитание и знаења на децата, додека истите влезат во училишните клупи. За сите деца се грижи стручен и професионален тим.

## 8. Хуманитарен хепенинг

Општината Илинден е општина која инвестира во се и за сите. Таа е општина која води грижа за сите свои жители, без разлика на нивната возраст. Една од таквите манифестации каде општината се заложува за подобро утре на сите е и хуманитарната приредба „Заедно создаваме повеќе". Ова е хуманитарна организација посветена на лицата со хендикеп. Таа се одржува секоја година, на 3-ти декември, светски ден на лицата со хендикеп, па затоа ќе се одржи и оваа година во континуитет. Главен организатор се училиштата во општината, а општината е главниот финансиски поддржувач на истата организација.

## 9. Првото средно училиште во општина Илинден

Секогаш во тек со развојот и потребите на своите граѓани, Општина Илинден започнува со градба на првото средно училиште во истата таа општина. Согласно предвидената динамика интензивно течат градежните активности за реализација на истиот проект – Изградба на средно училиште во Општина Илинден.

Изградбата на ова училиште се врши со поставување на модуларни елементи кои се составени од највисока класа на еколошки вградени материјали од кои 99% од нив се рециклабилни, со што ги исполнуваат највисоките стандарди во делот на енергетската ефикасност и заштеда на енергија. Целосната изградба на училиштето кој е од единствен ваков вид во Република Македонија е предвидена да се заврши за шест месеци, со што би започнала настава за средношколци во истата општина.



**Сл. бр. 10 – Првото средно училиште во општина Илинден**

Сите овие горенаведени проекти, манифестации ја покажуваат взаемната врска на општината и на трите основи училишта. Истата таа врска ќе се продлабочи и понатаму со отварањето на првото средно училиште. Организираниот динамичен склоп помеѓу општината (локалната заедница) и трите училишта во неа е навистина успешна и високо рангирана на ниво на град Скопје.

# 4. УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

(ОРГАН ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ Е УЧИЛИШНИОТ ОДБОР)

Образованието е партнерство кое вклучува ученици, наставници, родители, директори, училишни одбори потоа локалната заедница, локални и централи власти но и самото општество во целина. Училишниот одбор има важна улога во образовниот систем. Може да ја обезбеди потребната поддршка на училиштето за да се обезбедат неговите перформанси како образовна институција се со цел да се подобрат постигнувањата на учениците. Училишниот одбор обезбедува форум преку кој родителите и другите членови на училишната и локалната заедница можат да дадат свој придонес во управувањето на сите три училишта, и на крајот во резултатите и постигнувањата на учениците – корисниците.

Родителите, покрај наставниците се вклучени континуирано зајакнување на нашиот образовен систем и нивната вклученост има доста важна улога во успехот на учениците, нивните деца. Преку тој нивни ангажман во училиштата т.е училишните одбори тие имаат можност да влијаат на реализацијата и на резултатите од наставните програми.

## 1. Дефиниција на училишен одбор и придобивки од училишните одбори

Училишниот одбор е одлучувачко тело, одговорно за управување со училиштето. Неговите улоги и состав се дефинирани со закон. Училишните одбори опфаќаат претставници на внатрешната заедница на училиштето т.е директорите, професионален образовен кадар и родители, претставници од локалните и националните нивоа на власт.[21] Улогите на училишните одбори покриваат области како: визија за училиштето, избор на клучен персонал, финансиски надзор, следење на квалитетот на оценување, следење на учениците и подобрување на односите со централните и локалните власти.

[21] USAID – Secondary Education Astivity,(2008) „Прирачник за училишни одбори", Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија стр. 7-25

Училишниот одбор е средство или фактор кои сам по себе носи одредени придобивки за сите училишта. И тоа :

**Легитимизација** – училишниот систем е професионална интервенција во животот на општеството, а особено во животот на децата. Професионалците не се независни па сами да донесуваат суштински одлуки за управување со училишните системи. Во општеството се бараат некои стратешки прашања, кои училишните одбори се трудат да ги одговорат.

**Зголемена поддршка** – на училиштето му е потребна поддршка од неговата заедница. Кај учениците за подобрување на успехот, во училишната администрација и др. Добро воспоставен училишен одбор на училиштето му обезбедува: висока свест на заедницата, силно лобирање во корист на училишниот развој, прибирање средства за специјални активности и зголемена достапност до тие средства од заедницата за образование.

**Отчетност на училиштето** - училишниот одбор е овластен со закон да го следи работењето на училиштата. Тој е средство за подобрување на отчетноста на училиштето кон заедницата за која е наменето да ја служи. Присуството на одборот, неговиот интерес за крупни наставни прашања како и неговото постојано барање информации за успехот на децата ја зголемува свеста на сите три училишта.

**Активно инволвирање во работата на училишниот одбор е драгоцено и корисно искуство** – сето тоа отвара можности за преземање одговорност за управување со образованието. Ги подобрува можностите да се унапредат постигнувањата на учениците. Ја усогласува улогата на училиштето со интересите на заедницата. Самата инволвираност на училишниот одбор на дава можност да го зајакнеме партнерството на училиштето со локалната средина помеѓу родителите, наставниците и образовните власти.

## 2. Нормативна рамка во која функционира училишниот одбор

Со почетокот на децентрализацијата во нашата држава, започнува процес во кој централната власт почна со префрлање на правата и обврските и во делот на образованието од централно ниво на ниво кое е поблиску до самите граѓани, односно на т.н општинско ниво.

Со донесувањето на Законот за локална самоуправа, општините ги добија во своја надлежност вршењето на работите од областа на образованието и воспитанието. Покрај другото тие станаа одговорни за :

- основање на основните и средни училишта
- финансирање на основните и средните училишта
- нивна администрација
- организирање на превоз на учениците до самите училишта
- исхрана и сместување во ученички домови

Вршењето на овие надлежности мора да биде во согласност со законот и соработка со централната власт. Финансирањето на образованието во процес на децентрализација се врши согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, каде е пропишан начинот според кој општините добиваат средства за извршување на надлежностите во основното и средното образование.

Поради задржување на единството на образовниот процес и креирањето на единствени стандарди во образованието на целата територија на нашата држава, Министерството за образование и наука ги врши работите што се однесуваат на :

- Воспитанието и образованието од сите видови и степени
- Организација, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието
- Верификација на струките и профилите во образованието
- Ученички стандард
- Надзор на спроведувањето на Законите во образованието

Оттука може да се заклучи дека училишниот одбор е највисок орган на училиштето зошто тој сепак е форма креирана со закон и со строго дефинирана структура и пропишани надлежности.[22]

[22]USAID,Secondary Education Activity, (2008) „Прирачник за училишни одбори",Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија, стр. 7-25

## 3. Форма и структура на училишниот одбор

Училишниот одбор е орган на управување на училиштето предвиден со закон. Тоа значи дека училишниот одбор одобрува и управува со училиштето во сите негови сегменти и во тоа не може да биде ограничуван од никој се додека своите активности ги врши во рамките на законските пропишани надлежности.

По својата структура, училишниот одбор е колегијален орган што значи дека е составен од повеќе членови. Структурата на училишниот одбор е пропишана со закон и директно зависи од видот на училиштето и органот кој ги има основачките права. Така кај основните училишта во зависност од видот имаме училишни одбори со различен број на членови.

Основните училишта кои имаат **до 24 паралелки** и кои се нарекуваат мали училишта. Училишниот одбор брои 7 члена од кои :

- 2 претставници на основачот
- 2 претставници на родителите на учениците
- 2 претставници на наставниците, стручните соработници и воспитувачи
- 1 претставник на Министерството за образование и наука.

Основните училишта кои имаат **над 24 паралелки** и кои се нарекуваат големи училишта (како нашиве), училишниот одбор брои 9 члена од кои :

- 2 претставници на основачот
- 3 претставници на родителите на учениците
- 3 претставници на наставниците, соработниците и воспитувачите
- 1 претставник на Министерството за образование и наука

Законот за основното образование и Законот за средното образование предвидува општа забрана во училишните одбори на основните но и на средните училишта, како претставници од родителите и од основачот, како и од министерството, не можат да бидат именувани лица од редот на вработени во училиштето.

Кога се работи за општински и средни училишта односно училишта на град Скопје, претставниците на основачот ги именува и разрешува советот на општината односно советот на град Скопје.

Претставниците од родителите на учениците ги именува и резрешува советот на родители. Претставниците на наставниците или соработниците и воспитувачите во основните училишта ги именува и разрешува наставничкиот совет на училиштето. Претставникот на Министерството го именува и разрешува министерот кој е на должност. Законот предвидува именуваните членови да имаат мандат за период од три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршувањето на основното образование на нивното дете, не подолго од три години. Наставниците, стручните соработници и воспитувачите во основното училиште своите претставници во училишниот одбор ги избираат непосредно и тајно. Претставниците на родителите ги избира Советот на родители исто така непосредно и на состанок но сепак тајно.[23] Постапката за избор на претставниците на вработените на основното училиште и родителите во училишниот одбор на училиштето се утврдува со статусот на училиштето.

## 4. Надлежностите на училишниот одбор

Надлежноста на училишниот одбор е пропишана со закон и мора од една страна да се грижи да ги реализира предвидените обврски, но истовремено и да не излезе надвор од нив. Училишниот одбор, како висок и ценет орган ги има следниве надлежности :

- го донесува статусот на училиштето
- предлага годишна програма за работа и извештај за работата на училиштата до основачот
- предлага финансиски план до основачот
- предлага завршна сметка до основачот
- објавува јавен оглас за избор на директор на било кој од трите основни училишта
- врши интервју со кандидатите за директори на училиштата
- предлага до градоначалникот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот оглас за избор на директор
- дава мислење до директорот за избор на наставниците, стручните соработници и воспитувачи во основните училишта

[23] USAID – Secondary Education Astivity, (2008) „Прирачник за училишни одбори“, Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија , стр.7-25

- поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на наставниците или другите соработници во училиштето
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето
- одлучува по жалбите на учениците, родителите и другите единки од училиштата
- разгледува и други прашања утврдени со Статусот на училиштето

Сите овие надлежности ги извршуваат одборите на трите основни училишта во општината и даваат извештаи на состаноците со членовите од општината, преземајќи ги потребните мерки ако има потреба од такви.

## 5. Работата на училишниот одбор

Училишниот одбор како колегијален орган работи на седници кои ги свикува претседателот во рок кој може да биде утврден со Статусот или деловникот за работа на училишниот одбор, или по потреба седниците може да се свикаат и во исклучително кратки рокови.

Тој може полноважно да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од неговите членови, а одлуките ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на училишниот одбор со тоа што кај средните училишта претставникот на деловната заедница учествува во работата на училишниот одбор, но без право на глас.

На седниците на училишниот одбор присуствуваат само членовите од училишниот одбор кои работат и одлучуваат по дневниот ред, но за одредени прашања, на седницата можат да бидат поканети и да присуствуваат или да земаат учество директорот, секретарот и претставници на синдикатот каки други членови од локалната заедница- претставници од општината. За работата се води записник во кој се забележуваат сите битни елементи на седницата и се впишуваат заклучоците кои ги носи училишниот одбор.[24] Овој записник, потоа се заверува во деловната книга на училиштето и претставува основ за понатамошно постапување, како на

---

[24] Според Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Р.М.“ бр. 63, 20.09.2004 год.)

училишниот одбор во иднина, така и на директорот и на некои стручни служби во училиштето[25].

## 6. Функции на училишниот одбор

Функциите кои ги извршува училишниот одбор го потенцираат статусот а одборот како претставник на заедницата. Тоа и дава глас на својата заедница преку дефинирањето на општата определба на училиштето, подобрување на училиштето, избор на раководство и грижа за благосостојбата и успесите на учениците. Училишниот одбор, ги врши и остварува следниве функции, во сите училишта кои се наоѓаат во самата општина и дејствуваат како целина :

- училишна визија и планови
- надзор на раководството
- финансиски надзор
- избор на водство во училиштата
- следење на квалитетот и резултатите од проектите
- благосостојба - здравје на учениците, и задржување на детските права и нивна употреба
- прибирање средства за нормален и модерен образовен систем
- поддршка на воннаставните активности
- јавно застапување на своите функции во училиштата и нивна презентација
- извештаи до МОН и заедницата т.е општината

Училишните одбори секоја година ги извршуваат своите функции регуларно но истовремено истите ги модернизираат и осовременуваат за подобар развој и работа.

## 7. Препораки за зголемување на ефективноста на работата на училишниот одбор

Училишните одбори треба да усвојат пристап за донесување одлуки што отвараат простор за колективна работа, базирана на информации и податоци кога

[25] USAID – Secondary Education Astivity, (2008) „Прирачник за училишни одбори", Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија , стр.7-25

истите се достапни, по пат на консултации и учество, одлуките да се донесуваат во колективен дух, стремејќи се кон благ консензус и групна одговорност.

На состаноците треба да се биде конкретен и при планирањето да се обрне внимание на :

- број на состаноци во одредени временски интервали
- начини на закажување на состаноците
- планирање на состанокот
- времетраење на состаноците
- записник

По сите овие точки на дневниот ред на одборот се даваат предлози и потоа се пристапува кон нивно усвојување или отфрлање.

Во рамките на училишниот одбор најдобро би било да се формираат работни групи или комисии за одредена проблематика со што ќе се зголеми ефикасноста на функционирањето на училишниот одбор.[26] Работните групи формирани во рамките на училишниот одбор имаат задачи ефикасно, економично, и комплетно да ги разгледуваат, анализираат и сугерираат решенијата до училишниот одбор.




**Сл бр. 11 – Шема за соработници во училишниот одбор**

## 8. Ефективен училишен одбор

Искуствата од развиените образовни системи ни покажуваат дека ефективните училишни одбори ги имаат следните карактеристики. Таквите

[26] USAID – Secondary Education Astivity, (2008) „Прирачник за училишни одбори", Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија , стр. 7-25

карактеристики се применуваат и во нашите училишта, зависно од тоа колку самиот училишен одбор на училиштето се залага за нивна доминација. Меѓу важните карактеристики се следниве :

- фокус на учењето на учениците и најдобриот интерес за сите ученици
- промоција на значајно вклучување на родителите и заедницата
- отвореност и флексибилност за различни гледишта
- активна вклученост во поставувањето на приоритетите на училиштата за подобрување на резултатите на учениците
- користење на јасни и прецизни процеси за донесување одлуки
- редовна комуникација со заедницата
- негување на заедничка почит, доверба и разбирање
- јасно разбирање на улогите и одговорностите на одборот и раководењето на училиштето
- заедничка визија за успех на учениците и целиот образовен систем
- добра информираност за политиките и процедурите на одборот
- одржување на високи етички стандарди

Членот на училишниот одбор треба да поседува низа лични атрибути и способности. Верба и надеж во подобра иднина, силна посветеност на образованието и професионалноста се општите способности кои се потребни за да се биде член на училишниот одбор.

## 9. Вештини и компетенции кои треба да ги имаат членовите на училишниот одбор

Еден член на училишниот одбор за да биде негов достоен корисник и презентер треба да ги поседува следниве способности и вештини, за да биде успешен и долгорочен во неговиот состав, без разлика за кое училиште станува збор :

- да има добри комуникациски вештини
- вештини за работа во тим, лојалност кон тимот и самото училиште
- организациски вештини
- да биде одговорен
- да има познавања од образовниот систем и проблемите во образованието
- капацитет да може да ги подучува другите

- да има познавање за избор на персонал и менаџмент

Училиштата во нашата општина се успешни и доста развиени зошто имаат училишни одбори кои ги поседуваат овие карактеристики и развиваат нови кои водат до нивно усовршување.

Успехот само по себе доаѓа ако работата која се работи се сака, негува и почитува. Секој успех е неминовен ако членовите на таа организација, во нашиот случај училишниот одбор се подготвени да дадат се од себе, да вложат најмногу што можат и да ги почитуваат правилата и должностите на самата работа. Нашите училишни одбори се успешни и врви во своите достигнување, затоа што работата ја работат се љубов и надеж дека ќе направат подобар образовен и воспитен систем во општината, но секогаш водејќи се по т.н **етички кодекс**.[27]

## ЕТИЧКИ КОДЕКС............

Етичкиот кодекс ги истакнува очекувањата на членовите на училишниот одбор и го оформува нивното однесување. Етичкиот кодекс може да се однесува на работи како на пр.: ограничување на улогата и одговорностите на училишниот одбор, на конфликт на интереси и начинот на кој членовите се очекува да се однесуваат. Но пред се, етичкиот кодекс е морален манифест за лично однесување што го очекува заедницата од членовите на УО. Основа за етичко однесување на одборот може да бидат следниве вредности :

- почитување на интегритетот и достоинството на личноста
- еднаквост и праведност
- професионално однесување
- почитување на законот и правните прописи
- објективност и непристрасност
- избегнување и дискриминација
- транспарентност и отчетливост

Токму ваквите принципи и вредности се клучот за успехот на училишните одбори во трите основни училишта во нашата општина.

---

[27] USAID – Secondary Education Astivity, (2008) „Прирачник за училишни одбори“, Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија , стр. 33-36

# ДЕЛ 2

## 1. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Имајќи предвид дека сме сведоци на разни промени на секое поле од животот, треба да сфатиме дека таквите промени ни ги наложува времето и средината во која дејствуваме. Како резултат на големите промени во сите сфери на работата и живеењето, воспитно –образовниот процес се менува и воведува нови функции и позиции во својата хиерархија а постоечките добиваат нова физиономија и улога.

Едно нешто треба да ни биде јасно, а тоа е дека училиштето е работилница во која се создава моделот на утрешниот граѓанин. Тоа на организиран начин ја продолжува воспитно-образовната функција на семејството. Училиштето како и семејството има иста одговорност кон децата, односно учениците. На иста бранова должина во однос на одговорност кон учениците има и локачната заедница-општината.

Училиштето е место каде децата го поминуваат поголемиот дел од денот, се образуваат и стекнуваат навики за цел живот. Правилниот развој на детето зависи и од т.н. училишна атмосфера. Велат дека училиштето освен што има физички изглед тоа има и „душа“. Душата на училиштето ја создаваме сите. Создавањето на училишната атмосфера зависи од сите. Почнувајќи од директорот кој е иницијатор и генератор на сите активности па се до хигиеничарот, вклучувајќи ги децата и локалната заедница. Често училишната атмосфера зависи и од расположението што децата го носат од своите домови или од местото каде постојано живеат. Тоа зборува дека директно или индиректно локалната заедница има влијание во атмосферата во училиштето. Мислењата и ставовите за училиштето и наставниците влијаат на однесувањето на детето кон него и кон нив. Затоа е важно да се има добро мислење и расположение кон општината.

Статистичката проценка на времето што децата го поминуваат дома со родителите и на училиште со наставниците зборува дека тоа време е или исто или

малку подолго од времето поминато на училиште со наставниците. Училиштето е работилница во која се создава моделот на утрешниот граѓанин. Тоа на организиран начин ја продолжува воспитно-образовната функција на семејството. Затоа и ова истражување има за задача да даде конкретен одговор за зависноста помеѓу училиштата и локалната заедница, поради остварување на термините ефикасност и ефективност. Се работи за студија на случај во основните училишта и општината, каде што заради добрите, високите резултати и подобрената работна клима на ниво на општина и на ниво на град Скопје, се бележат одлични резултати. Водено од целта, ова истражување по својот концепт е едно акционо истражување. Самите резултати добиени од ова истражување би ни дале јасна слика и би ни биле појдовна точка за проширено истражување за состојбите и во другите образовни институции на ниво на општина, со што би добиле сознанија за корисната улога на општината во водството и атмосферата во воспитно-образовниот процес. Но нашите високи резултати можат да се користат и како пример по кој можат да дејствуваат другите општини на ниво на град Скопје.

## 1.1. Област (појава -тема) на истражувањето

Имајќи предвид дека училиштето е филтер низ кој поминуваат сите значајни кадри во државата почнувајќи како ученици, тогаш е јасно колку значаен организациски систем со јавен карактер и интерес е училиштето. Паралелно на училиштето се надоврзува и локалната заедница (општината). На овие два клучни сегменти им се наложува голема одговорност и сериозност во приодот кон работа и развој на воспитно-образовниот систем. Целата таа врска и реализација на поставените цели, се остварува преку една хоризонтална и вертикална насока со локалната заедница. Со тоа се истакнува од колкава важност е заемната (интерна и екстерна) комуникација која ќе овозможи размена на идеи, искуства и нови и модерни инвестиции од областа на образованието.

Затоа, тема - област или поставена теза на истражување ќе биде таа меѓусебна врска помеѓу општината и трите основни училишта во истата општина. Но за да врската биде успешна и комуникацијата меѓу нив слободна, од особено значење е и амбиентот во кој се работи, со што би се развило пријатно чувство да се биде дел од тој „колектив“ кој цели кон успех. Добро остварена клима за работа значи и постигнување на ефикасност и ефективност на општината и училиштето. Поволната

клима на работа е доказ дека сите материјално - технички како и финансиски услови за работа се остварени. Бидејќи тие се уште еден дополнителен фактор за одржувањето на нивото на меѓучовечките односи во релацијата – **општина →училиште.** Од горенаведеното доаѓаме до основната појава на ова истражување , а тоа е врска помеѓу **училиштата (основните) и нивната зависност од локалната заедница ( општината)**.

## 1.2. Проблемска рамка

*„Оној што прашува ништо не знае - Оној што прашува сака да научи повеќе"*

***Непознат мислител***

Склопот на организирани активности, претставени преку динамична реализација во училиштата и соработка со општината го претставуваат образовниот систем во Општина Илинден. Нашата општина постојано внесува нови иновации во образовниот систем преку различни проекти (интерактивна настава, игри за разрешување конфликти, едукативен центар, културни нови манифестации за поткревање на нивото на култура и размислување) со што се осовременуваа не само наставата туку и училиштата во кои се изведува таа настава. За сето ова важна е училишната и општинската клима која ќе се создаде со поволни финансиски и материјално – технички услови и добри меѓучовечки односи. Паралелно на тоа се надоврзува и желбата за соработка на наставниците, училишниот одбор и родителите со општината и градоначалникот. Поттикнувањето на контактите меѓу сите елементи на „синџирот“ т.е вклучените индивидуи во доменот на соработка и нивна успешна реализација ќе го потврдат вториот дел од теза : оној што прашува сака да научи повеќе. Секоја спротивност го потврдува првиот дел и доведува до неуспешност на проектите.

## 1.3. Предмет на истражувањето

Најважна компонента во целиот овој систем и во нашето истражување е формирањето на поимот - ученикот и неговата целосна афирмација во образовниот систем и околината. За да таа компонента биде формирана се поставува темелот од кој тргнува се, и тоа преку **меѓусебната врска помеѓу локалната заедница и училиштата.** Затоа како основен предмет на ова истражување ќе бидат *факторите* кои придонесуваат да се развие таа меѓусебна врска. Потоа предмет на истражување ќе бидат и *условите* во кои се остварува таа врска.

Главниот предмет на истражување е **заемното дејствување на факторите и условите** врз врската помеѓу училиштето и општината. Тоа истражување ќе помогне за остварување, создавање и одржување ефикасност и ефективност во образовниот систем. Резултатот од остварениот предмет на истражување доведува до успешна општина, успешни училишта, врвни и одлични ученици.




**Сл. бр.12 Појава, проблем и предмет на истражувањето**

## 1.4. Цели на истражувањето

Со оваа студија на случај, ние всушност ја даваме целосната слика, најпрвин за општината и нејзиниот домен, потоа сликата за училиштата, со што ги

составуваме коцките на целата таа сложувалка за меѓусебната зависност на меѓучовечките односи т.е зависноста на училиштата и/од општината.

Целото истражување е насочено кон создавање и одржување на добра училишна клима, стекнување на повисок степен на училишна култура и зацврстување на врската која е иреверзибилен процес помеѓу општината и училиштето. Земајќи ја општината како главен елемент во таа врска во однос на останатите, истата дава сознанија за училишта со конкретни материјални – технички и финансиски услови за работа, но и за влијанието на конкретен стил на водство на самата општина во правец на надминување на негативните влијанија од таа природа. Бидејќи ова е студија на случај во Општина Илинден, самата општина ни дава сознанија за исходот на работата и постигнатите позитивни резултати и висината на надминатите негативности при работењето.

Во тој правец или контекст на реализација поставени се **научна и практична цел**, за остварување, од страна да двата клучни сегменти во образованието (општината и училиштата). Ако предмет на истражувањето се факторите и условите за врската помеѓу општината и училиштата тогаш целта/целите ќе биде да се добијат податоци за реализирање како на факторите така и на условите кои треба да донесат позитивни или негативни бројки (статистика) за успехот на училиштето и образовниот систем. Податоците ќе ни овозможат да видиме дали врската помеѓу двата клучни сегменти развива позитивна слика кај децата/училишниот кадар и дали ја подобрува училишната атмосфера. Поставувањето на јасна цел/цели е неопходно заради неговата целисходност.

**Научната цел** на истражувањето се состои од теориско поставување на факторите и условите во вид на план, проект низ кој треба да се согледа влијанието на општината врз училиштата кои се во нејзин домен, градење на заемна почит, доверба и отвореност што доведува со мотивираност на сите вработени независно од нивната институција, за прифаќање на иновации и тимска работа, како и примена на современи образовни технологии во целиот воспитно-образовен систем. Во така концепираниот и составен план се запишува и уште една повисока цел за постигнување или надминување, односно надминување на сите недостатоци од материјално – технички и финансиски аспект.[28]

[28] Andrew J.DuBrin, (1995), „ Leadership,Houghton Mifflin Company“,USA

**Практичната цел** на истражувањето е всушност остварувањето на научната цел. Практичната цел го остварува теорискиот дел од научната цел во пракса т.е во секојдневието. Таа практична цел е поставената за да се реализира во сите три училишта кои се во домен на општината. Да се подобри функционирањето на сите училишта од добиените резултати од научната цел и од целото истражувањето, со што би се подобрила или уште повеќе усовршила училишната но и локалната клима за работа во тие простори. Со тоа би ги добиле резултати за улогата и значењето на водството на општината врз училишната клима/атмосфера и воспитание во истите училишта.

Врз основа на поставените цели, произлегува карактерот на истражувањето кој е поделен во неколку етапи зависно од редоследот на задачите и целите. Затоа ова истражување е **емпириско**, бидејќи проблемот се проучува по пат на непосредно искуство, набљудување и мерење. Потоа во однос на целта ова истражување е **применето** бидејќи е насочено кон решавање на практични проблеми т.е како подобро да се вклучат родителите во работата на училиштето. Во однос на функцијата тоа е **ориентационо (експлоративно)** бидејќи има за цел анализа на што поголем број информации. Во однос на бројот на истражувачите тука станува збор за индивидуално истражување затоа што ќе биде реализирано од страна на истражувач – поединец. Истражувањето уште е **дескриптивно** (објаснување и заклучоци) и **евалуациско** (испитување и истражување).

## 1.5 Хипотетска рамка

За целосен развој на општинскиот образовен систем се грижат општината, училиштата и наставниот кадар во истите тие училишта. Но во денешно време каде образованието се развива со голема брзина, удел во тој развој имаат и самите ученици кои треба постојано да бидат отворени за прифаќање на новите проекти кои ги нуди општината. Но најмногу влијание има општината затоа што таа е основниот финансиски материјално –технички одржувач на училиштата и зема голем дел во меѓучовечките односи. Затоа зависно од тоа кој од тие фактори се јавуваат и во колкав интензитет и во каква меѓусебна комбинација го засилуваат или го ослабуваат влијанието што општината го има врз училишната клима, образовниот систем се развива или успорува.

Од тука се појавува и основната претпоставка на ова истражување т.е ако општината е соодветно оспособена во доменот на водствените вештини и веќе одамна има искуство во обавувањето на раководните функции, тогаш истата ќе биде во состојба да ги амортизира негативните околности што водат кон создавање или одржување на лош развој на училиштата.

Затоа постојат генерални, посебни и поединечни хипотези кои се поставени како темели во ова наше истражување и секоја од поставените има сопствена тежина и вредност во крајниот резултат, било за негов позитивен исход или негативен со надеж за подобрување во иднина.

## ХИПОТЕЗИ :

### Генерална хипотеза

Општината има доволно капацитет за да го води образовниот систем, односно поседува такви водствени способности и затоа таа ќе биде способна да пристапи кон колективот, т.е кон училиштата и да преземе чекори што ќе ги амортизираат негативните околности, кои водат кон создавање на неуспех на училиштата.

### Посебна хипотеза 1.

Бидејќи општината е водствено способна, истата ќе биде почитувана и следна во проектите наменети кон училиштата и образованието.

### Поединечна хипотеза 1.1.

За да се смета дека општината е почитувана од сите останати единки, потребно е кај тие единки (наставниците, училишниот одбор, учениците) да преовладува позитивно мислење за нејзиниот карактер и професионалност. Општината се доживува како чесна, принципиелна и посветена кон обезбедување на добро образование, со што станува почитувана од останатите елементи на врската, и се доаѓа до претпоставката истата да биде прифатена како лидер во организацијата.

### Поединечна хипотеза 1.2.

Повеќето од вработените во училиштето се обраќаат до општината за професионален совет и се чувствуваат доволно слободни, за да ги споделат проблемите со кои се соочуваат во работата (но, не и ограничено само на работата, може и мислења и нови идеи, проекти), **токму затоа** може да се цени дека општината е важен елемент во човечка и професионална смисла и истата се цени

како „прва меѓу елементите“ што упатува на постоење основа за прифаќање на општината како лидер во врската.

**Поединечна хипотеза 1.3.**

**Бидејќи** вработените во училиштата ги прифаќаат и спроведуваат на дело ставовивте, мислењата, идеите и проектите на општината без примена на мерки на принуда од нејзина страна, **може** да се смета дека општината (локалната заедница) е прифатена како лидер во образовниот систем и училиштата.

**Посебна хипотеза 2.**

Материјално – техничките како и финансиските околности во кои училиштата работат нема да придонесат за лоша клима доколку општината е прифатена како лидер, туку ќе се сметаат за една привремена состојба. Кога веќе општината е прифатена како водач/лидер тогаш таа ќе ги амортизира негативните влијанија што предизвикуваат материјално –технички или финансиски колапс во одреден временски период од развој на образованието или училишната клима.

Земајќи ја општината како лидер со еден постојан важен интегритет, таа ја добива функцијата да успее и да ги мотивира останатите единки од врската, за работа иако постојат одредени пречки при остварувањето на целосниот успех од било кој проект. (финансиски или материјални недостатоци).

## ВАРИЈАБЛИ:

Хипотезата ја изразува врската помеѓу две или повеќе варијабли. Во однос на ова истражување работата т.е вклученоста на општината во работата на училиштето се јавува и како независна варијабла во однос на другите зависни варијабли т.е :

**Независни варијабли:**

- водствената способност на општината во однос на училиштата;
- доживување на општината како посебен елемент за развој на воспитно – образовниот систем во истата;
- професионална и колективна (наставниците и училишниот одбор) доверба кон општината;
- слободно прифаќање на ставовите, мислењата и идеите за нови проекти на општината;
- висока оценка за успех и особено важен висок интегритет на општината.

**Зависни варијабли:**

- способност на општината отворено да комуницира, мотивира и решава одредени проблеми врзани со училиштата и да донесува одлуки врз основа на факти;
- почит кон општината од страна на училиштата (наставниците, училишниот одбор, учениците и советот на родители);
- прифаќање на општината (целата локална заедница) како лидер/водач во проектите;
- мотивација за работа од страна на општината насочена кон училиштата и нејзините составни елементи – вработени, индиректни и директни учесници во образовниот процес.




**Сл. бр.13 Хипотетска рамка на дејствување**

## 1.6. Предистражување

Поради утврдување на оправданоста на истражувањето, примерокот, техниките и инструментите кои се употребени во истото тоа истражување, извршено е едно т.н предистражување во три еднодневни работилници. Односно првата е во секое училиште посебно, втората е како групација од трите училишта - училишни тимови и третата е со тим од општината т.е локалната заедница.

Работилниците се водени, односно ја разработуваат темата:

***- да се зајакне врската на училиштата со општината и да се подобри училишната клима-***

по следните агенди т.е принципи:

» Мразокршач

» Бура на идеи и нови проекти

- што би ја подобрило врската и што се подразбира под училишната клима

» Теориско излагање

- откако ќе се дефинира поимот клима, се дискутира кои фактори ја сочинуваат, елементите на училишната клима, и карактеристиките на здрава врска и клима помеѓу општината и училиштето

» Групна работа

- кои пет или повеќе карактеристики се најважни за создавање и одржување на соработката помеѓу двата клучни сегменти (локалната заедница и училиштата)

» Презентација на работата на групите/ искажување на мислењата, новите идеи

» Групна работа – решавање на проблем ситуациите

- колку општината/локалната заедница и целиот колектив на училиштата, заеднички можат да делуваат на факторите на училишната клима, се мисли на финансиските, материјално – техничките услови и односите меѓу вклучените елементи.

» Заклучни согледувања- донесување решенија

Изведените работилници или ангажмани беа само дополнителна помош за формулирањето на прашалниците и определувањето на соодветните техники и инструменти во истражувањето.

## 1.7. Техники и мерни инструменти

Во однос на техниките на ова истражување ќе се користат овие техники како главни при истражувањето: **набљудувањето и анализа на содржината** (анализа на нормативни акти и објективни резултати за работата на основните училишта и општината).

Како споредни и дополнителни техники можат да се употребат т.е ќе се употребат следниве техники: **скалирање** (се дава суд за активностите на општината во врска со работа во училиштето), па следи **полуструктурирано интервју** (опфатени директорите, градоначалникот и училишниот одбор ко се вклучени во активностите на училиштето). Со директорите и градоначалникот ќе се реализираат индивидуални интервјуа а наставниците и со членовите на училишниот одбор ќе биде групно. И на крај следи **анкетирањето** (испитаниците се подложени на анкета каде одговараат отворени прашања во писмена форма или заокружуват еден од понудените одговори). Прибирањето на податоци во најголем дел ќе се сведе на испитувања.

Т
Е
Х » Анкета
Н » Анализа на содржината
И
К
И

**Сл. бр.10 – Техники на истражување**

И
Н » два анкетни прашалници од затворен тип
С » потсетник за анализа на содржината
М Т
Е Р
Р У
Н М
И Е » еден потсетник за насочено интервју
Н » протокол на општото интервјут
Т » протокол за писмено снимање
И

**Сл. бр. 14 – Мерни инструменти**

## 1.8. Популација и примерок (истражувачки примерок)

Бидејќи секое емпириско истражување се спроведува на некој примерок, неопходно е да се одреди основната група на која би требало да бидат воопштени наодите добиени со ова истражување. Точното одредување на основната група е потребно заради толкување и генерализирање на резултатите добиени со истражувањето. Истражувањето ќе ги опфати директорите на училиштата, наставниците во сите три училишта од петто до осмо (V-VIII) одделение од основите училишта на општина Илинден (ОУ „ Гоце Делчев“- н.Илинден, ОУ „Ристо Крле“ - Кадино и ОУ „ Браќа Миладиновци“ – с. Миладиновци), членовите на училишниот одбор т.е совет на родители, потоа во истражувањето ќе влезат и родители по случаен избор од наведените училишта кои не се членови на советот на родители, сите наставници кои ја вршат својата дејност во истите тие училишта, и секако учениците како директни учесници во процесот на наставата. Како постручни лица и компетентни за оценување ќе бидат присутни и членови од советот на општината и градоначалникот на Општина Илинден. Сите испитаници ќе се испитуваат и ќе даваат свои лични ставови за начинот за комуникацијата помеѓу општината и училиштата.

Притоа ќе бидат задолжени да го потполнат прашалникот/ниците или анкетните листови, со цел да добиеме основни статистички податоци и да донесеме заклучоци засновани на податоци и факти, дали е потребно глобално (масовно вклучување) или вклучување на одредени фактори за подобрување на образовниот систем.

***<u>Шематскиот приказ на популацијата би изгледал вака :</u>***

# I.

| Ред број | Училиште | Број на испит. | Настав. / Членови | Дирек./ Градонач. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | О.У. „ Гоце Делчев“- н. Илинден | 60 | 59 | 1 |
| 2. | О.У.„Ристо Крле“ – Кадино | 40 | 39 | 1 |
| 3. | О.У.„Браќа Миладиновци“– с.Миладиновци | 30 | 29 | 1 |
| 4. | Општина Илинден | 16 | 15 | 1 |

# II.

| //// | Испитаници | Вкупен број на испитаници |
|---|---|---|
| 1. | Членови на училишен одбор | 27 членови |
| 2. | Вкупниот број | 173 испитаници |

# ДЕЛ 3

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите

Анализата и интерпретацијата на резултатите ќе биде внесена откако ќе се извршат одредените истражувања, ќе се спроведе анкетата и ќе се потполнат прашалниците од лицата на кои им се наменети. Анализата и интерпретацијата на добиените резултати подоцна ќе ни помогне да ги покажеме или докажеме посебните и поединечните хипотези како и генералната хипотеза. Тоа ќе биде претставено со помош на :

- квантитативна анализа
- квалитативна анализа и докажување на хипотезите
- докажување на генералната хипотеза

### ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Анализата и интерпретацијата на резултатите е веќе направена и внесена во теоретскиот дел од истражувањето. Интерпретацијата беше направена откако се извршија однапред одредените истражувања - анкетите и прашалниците од лицата на кои им беа наменети. Анализата и интерпретацијата на добиените резултати ќе ни помогне да ги покажеме или докажеме посебните и поединечните хипотези како и генералната хипотеза кои беа претходно наведени.

### 1.1. Квантитативна анализа

(интерпретација на прашалникот за членовите на општината и директорите на училиштата)

На квантитативна анализа се „подложени" т.е остварени прашалниците под броеви 1 и 2. Прашалникот број 1 содржи 20 прашања а е одговорен од 145 испитаници, во интерес за докажување на хипотезите. Во продолжение дадени се

одговорите на испитаниците (членовите на општината и директорите на основните училишта во општината) по реден број на прашања.

На прашањето број 1: ***Имате доверба во финансиската работа на општината***, од 145 испитаници, 10 (6,8%) одговориле под а) никогаш, 58 (40%) одговориле под б) понекогаш, а 77 (53%) испитаници одговориле под в) секогаш. Односот на нивните одговори е реализиран во проценти и е прикажан на сликата:




Во однос на тврдењето број 2: ***Дали општината се труди да изнајде материјални извори за училиштето,*** за тврдењето под а) одговориле 4 (2,7%) испитаници, за тврдењето под б) одговориле 61 (42%) од испитаниците и за тврдењето под в) како последна можност одговориле 80 (55%) од испитаниците. Таквиот однос се прикажан и на следната слика:



На прашањето со реден број 3: ***Правилната распределба на средствата се забележува во збогатеноста на ентериерот и екстериерот во училиштето***, за можен одговор никогаш под а) одговориле 3 (2,0%) од испитаниците, под б) понекогаш одговориле 56 (38,6%) испитаници и под можен одговор секогаш под в) одговориле 86 (59,3%) испитаници. Тоа се забележува и во сликата подолу:




За тоа дали ***Општината ги заштитува и зајакнува заедништвото и стабилноста во однос на меѓучовечките односи во целиот колектив***, под а) одговориле 12 (8,2%) испитаници, под б) одговор дале 46 (31,7%) испитаници а додека под в) најмногу одговор дале 87 (60%) испитаници од вкупниот број 145 испитаници. Со што се потврдува поставеното прашање како точно и реализирано.



Во однос на прашањето број 5***: Општината се заложува и вложува во стручно усовршување на колективот и наставничкиот кадар***, 22 (15%) испитаници одговориле никогаш т.е под а), 47 (32%) од испитаниците се определиле за одговорот под б), а 76 (52%) испитаници одговориле под в) секогаш.




На шестото прашање: ***Општината и училиштата испраќаат дел од наставниците на семинари***, 8 (5,5%) од испитаниците се определиле за одговорот под а), 37 (25,5%) од испитаниците го заокружиле можниот одговор под б), а дури 100 (69%) од испитаниците се определиле за одговорот под в) секогаш. Тој однос е прикажан и во сликата :




На седмото прашање: ***Општината и директорот согласно можностите ја збогатуваат училишната библиотека***, под а) никогаш не одговорил ниту еден

испитаник што значи 0,0%, под б) понекогаш одговор дале 25 (17,2%) од испитаниците а под в) секогаш одговор дале дури 119 (82,0%) испитаници. Затоа нивниот однос изгледа вака:




Во однос на тврдењето под реден број 8: ***Општината придонесува за афирмација на училиштата и вработените преку прифаќање и ефикасна реализација на различни проекти***, за одговорот под а) не се определил ниту еден испитаник значи 0 (0,0%), за можниот одговор под б) се определиле 50 (34,4%) испитаници а за одговорот под в) секогаш се определиле најголем број од испитаниците или 95 (65,5%) испитаници.




На прашањето број 9: ***Директорот и општината ги афирмираат училиштето и вработените со пријавување, организирање и учество на***

***натпревари на знаења и спортски натпревари***, под а) никогаш одговорил 1 (0,6%) испитаник, под б) понекогаш одговориле 32 (22%) од испитаниците а под в) секогаш одговориле 112 (77,2%) од вкупно 145 испитаници. Со што доаѓаме до заклучок дека директорот и општината солидно си ја вршат својата работа.




На десеттото прашање: ***Верувате во исправноста на одлуките и ставовите на Општината***, од можни 145 испитаника 4 (2,7%) испитаници се одлучиле за одговорот под а) никогаш, 64 (44,1%) испитаници се одлучиле за одговорот под б) понекогаш, а 77 (53,1%) од испитаниците одговориле под в) секогаш. Тоа значи довербата во Општината граѓаните се уште целосно не ја стекнале.



На тврдењето под број 11: ***Финансискиот стимул од општината се добива врз база на транспарентна процедура и изградени критериуми кон сите училишта***, 10 (6,8%) испитаници се решиле за одговорот под а) никогаш, 50 (34,4%) од испитаниците се решиле за одговорот под б) понекогаш, а 60 (41,3%) се решиле за последниот одговор под в) секогаш.




Во однос на прашањето под реден број 12: ***Општината се залага училиштето да стане место со уредна, пријатна атмосфера за работа***, од 145 испитаници, 15 (10,3%) испитаници одговориле под а), 40 (27,8%) испитаници одговориле под б) а дури 90 (62,0%) одговориле под в) секогаш.




На прашањето број 13: ***Општината се залага за воспоставување добра соработка со родителите и училишниот одбор***, за одговорот под а) никогаш се

определиле 16 (11,0%) испитаници, за одговорот под б) понекогаш се определиле само 41 (28,2%) испитаници, за да за одговорот под в) секогаш се определат вкупно 88 (60,6%) испитаници.




На четиринаесеттото прашање, ***Помеѓу општината и училиштето се одржуваат состаноци на кои се разработуваат теми во корист на збогатување на квалитетот на образовниот процес***, 19 (13,1%) испитаници одговориле под а) никогаш, 52 (35%) испитаници се одлучиле за одговорот под б) понекогаш, а 74 (51%) испитаници одговориле под в) секогаш.




На прашањето под реден број 15: ***Училиштата во кои се работи ги исполнуваат оптималните услови за работа***, 15 (10,3%) испитаници се решиле за

одговорот под а), 55 (37,9%) се решиле за одговорот под б) понекогаш, а 75 (51,7%) испитаници одговориле под в) како можен одговор – секогаш.




За прашањето, ***Општината се запознава со бројноста и разновидноста на наставните средства со кои располагаат училиштата***, за одговорот под а) никогаш се решиле 14 (9,6%), за одговорот под б) понекогаш се решиле 58 (40%), а за последниот можен одговор под в) секогаш се решиле повеќе испитаници од претходниот одговор т.е 73 (56,3%) што докажува дека општината секогаш покажува голем интерес за секое поле од училиштата.




Во однос на тврдењето под реден број 17: ***Заради поефикасна реализација на наставата ги искористувате материјално-техничките потенцијали понудени од општината***, за одговорот под а) никогаш се определиле 15 (10,3%) испитаници,

за одговорот под б) понекогаш се определиле 58 (40%) испитаници а за одговорот под в) секогаш се определиле вкупно 72 (45,6%) испитаници.




На прашањето број 18: ***Постигнувате успех во разрешувањето на проблемите кои се јавуваат во комуникацијата и соработката со членовите на општината***, од 145 испитаници за одговорот под а) се решиле 20 (13,7%) испитаници, за одговорот под б) понекогаш се решиле дури 68 (46,8%) испитаници а за одговорот под в) секогаш се решиле помал број испитаници од претходниот одговор само 57 (39,3%).




На деветнаесеттото прашање, ***Поради стручно усовршување и афирмација на училиштата, директорите прифаќаат разни проекти од општината***, за одговорот под а) никогаш не се решил ниту еден испитаник што значи 0,0 %, за одговорот под б) понекогаш одговор дале 47 (32,7%) испитаници а за одговорот под

в) секогаш едногласно одговориле 98 (67,5%) од испитаниците. Тоа значи дека директорите покажуваат голем интерес за усовршување на својот кадар.




Во однос на последното прашање од овој прашалник, со реден број 20 : ***Во текот на учебната година се планираат, организираат и посетуваат разни манифестации во училиштата и општината***, за одговорот под а) никогаш не се определил ниту еден испитаник значи 0,0%, за одговорот под б) понекогаш се определиле 42 (28,9%) испитаници а за одговорот под в) секогаш се определиле најмногу од испитаниците дури 103 (71,0%) испитаници. Тоа дава потврден одговор дека навистина се организираат и реализираат такви манифестации.



**ТАБЕЛА БР. 1**

**Резултатите од прашалникот бр. 1**

**Одговорите на прашањата на членовите на општината и директорите**

| ////// | А | | Б | | В | | //////////// |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Праш. број | Број на испитаници | % | Број на испитаници | % | Број на испитаници | % | Вкупно бодови |
| 1 | 10 | 6,8% | 58 | 40% | 77 | 53% | 222 |
| 2 | 4 | 2,7% | 61 | 42% | 80 | 55% | 225 |
| 3 | 3 | 2,0% | 56 | 38,6% | 86 | 59,3% | 231 |
| 4 | 12 | 8,2% | 46 | 31,7% | 87 | 60% | 232 |
| 5 | 22 | 15% | 47 | 32% | 76 | 52% | 221 |
| 6 | 8 | 5,5% | 37 | 25,5% | 100 | 69% | 245 |
| 7 | 0 | 0,0% | 25 | 17,2% | 119 | 82,0% | 263 |
| 8 | 0 | 0,0% | 50 | 34,4% | 95 | 65,5% | 240 |
| 9 | 1 | 0,6% | 32 | 22,2% | 112 | 77,2% | 257 |
| 10 | 4 | 2,7% | 64 | 44,1% | 77 | 53,1% | 222 |
| 11 | 10 | 6,8% | 50 | 34,4% | 60 | 41,3% | 180 |
| 12 | 15 | 10,3% | 40 | 27,8% | 90 | 62,0% | 235 |
| 13 | 16 | 11,0% | 41 | 28,2% | 88 | 60,6% | 233 |
| 14 | 19 | 13,1% | 52 | 35% | 74 | 51,7% | 219 |
| 15 | 15 | 10,3% | 55 | 37,9% | 75 | 51,7% | 220 |
| 16 | 14 | 9,6% | 58 | 40% | 73 | 56,3% | 218 |
| 17 | 15 | 10,3% | 58 | 40% | 72 | 45,6% | 217 |
| 18 | 20 | 13,7% | 68 | 46,8% | 57 | 39,3% | 213 |
| 19 | 0 | 0,0% | 47 | 32,7% | 98 | 67,5% | 243 |
| 20 | 0 | 0,0% | 42 | 28,9% | 103 | 71,0% | 248 |

**сл. бр. 1 Табела на резултатите прикажани процентуално**

## 1.2. Квантитативна анализа

*(интерпретација на резултатите од прашалникот за членовите на училишниот одбор)*

Со помош на вториот прашалник е направена уште една (слична на првата) квантитативна анализа. Квантитативната анализа на резултатите е прикажана преку одговорите на прашањата од членовите на училишниот одбор. Овој прашалник содржи 15 прашања, кои беа одговорени од 27 испитаници, членови на училишниот одбор, за да се види соработката помеѓу училиштата и општината во која се наоѓаат. Подолу низ текстот, ќе бидат прикажани и илустрирани одговорите на членовите на одборот, по реден број на секое прашање.

На прашањето под реден број 1: ***Општината во целост ги исполнува поставените цели за развој на образованието***, од вкупно 27 испитаници 8 (29,6%) испитаници го прифатиле одговорот под а) цврсто се согласувам, 19 (70,3%) од нив го прифатиле одговорот под б) се согласувам, а ниту еден (0.0%) од испитаниците не го прифатил одговорот под в) не се согласувам




Во однос на второто прашање, ***Општината се заложува за модерен развој на образованието и училиштата***, за одговорот под а) цврсто се согласувам се определиле само 8 (29,6%) испитаници, за одговорот под б) се согласувам се определиле 19 (70,3%) испитаници, а за одговорот под в) не се согласувам не се определил ниту еден од испитаниците (0.0%). Тоа ни дава до знаење дека испитаниците веруваат дека Општината се заложува за развој, но не се цврсто убедени во тоа.




На третото прашање, ***Често се бележат високи резултати во развојот на наставата и целото образование***, од вкупниот број на испитаници 8 (29,6%) испитаници одговориле под а) цврсто се согласувам, 19 (70,3%) испитаници од вкупно 27 одговориле под б) се согласувам, а ниту еден (0%) од нив не дал одговор под в) не се согласувам.




Во однос на прашањето под реден број 4: ***Секогаш постои добра комуникација помеѓу училиштето и општината***, дел од испитаниците т.е 8 (29,6%) испитаници се определиле за одговор под а) цврсто се согласувам, 16

(59,2%) од нив се определиле за одговор под б) се согласувам, а само 3 (11,1%) од испитаниците се определиле да одговорат под в) со не се согласувам.




За прашањето под реден број 5: ***Училиштата се секогаш отворени за соработка со локалната заедница***, за одговорот под а) цврсто се согласувам решиле да одговорот 12 (44,4%) испитаници, за одговорот под б) се согласувам се решиле 15 (55,5%) испитаници од вкупно 27 испитаници, а за последниот можен одговор под в) не се согласувам, не се одлучил ниту еден од испитаниците т.е 0.0%



На прашањето под број 6: ***Општината инвестира само во одредена област од образованието и само во едно училиште***, за тврдењето под а) цврсто се согласувам од испитаниците ниту еден не дал ваков одговор значи 0,0%, за тврдењето под б) се согласувам, одговор дал само 1 (3,7%) од испитаниците, но затоа за тврдењето под в) не се согласувам одговор дале 26 (96,2%) испитаници од вкупно 27. Тоа не наведува на заклучокот дека Општината го прави сосема спротивното, инвестира во секоја област и во секое училиште.




Во однос на тврдењето под реден број 7: ***Сите проекти предвидени за 2010/2011 се реализирани,*** за можен одговор под а) цврсто се согласувам не се определил ниту еден од испитаниците значи 0,0%, за одговорот под б) се согласувам се определиле поголем број од испитаниците дури 20 (74,0%), додека за одговорот под в) не се согласувам се определиле само 7 (25,9%) од испитаниците.




На прашањето, ***Општината е добар менаџер во истите тие проекти***, само 2 (7,40%) од испитаниците се решиле за одговорот под а) цврсто се согласувам, дури 20 (74,0%) од нив се определиле за одговорот под б) само се согласувам, а 5 (18,5%) се определиле за негативниот одговор под в) не се согласувам. Ваквиот однос на одговорите ни кажува дека Општината треба да се потруди многу повеќе во реализацијата на проектите во наредниот период.




Во однос на деветтото тврдење, ***Училиштата се доволно опремени за современ образовен систем***, од вкупниот број на испитаници, 2 (7,40%)) се решиле за одговорот под а) цврсто се согласувам, 18 (66,6%) од нив се решиле за одговорот

под б) се согласувам, а скоро и неочекувано 7 (25,9%) од испитаниците се решиле за одговорот под в) не се согласувам




За прашањето под реден број 10: ***Општината и училиштето секогаш си помагаат во решавањето на некои спорни прашања***, испитаниците одговориле вака: 5 (18,5%) одговориле под а) цврсто се согласувам, 19 (70,3%) одговориле под б) се согласувам и под в) не се согласувам одговориле 3 (11,1%). Тоа ни покажува дека овие два сегмента сепак имаат развиено релација за меѓусебно помагање.



Во однос на тврдењето со број 11: ***Врската помеѓу општината и училиштата постојано се обновува***, 5 (18,5%) испитаници од вкупниот број одговориле под а) цврсто се согласувам, дури 21 (77,7%) од нив одговориле под б) само се согласувам, а само 1 (3,7%) од испитаниците одговорил со можен одговор под в) не се согласувам.




На прашањето со број 12: ***Во училиштата и општината се наоѓаат стручни и обучени кадри за реализација на проектите во образованието***, испитаниците се решиле да го дадат овој однос на процентуална застапеност на одговорите: 7 (25,9%) одговориле под а) цврсто се согласувам, 18 (66,6%) го одбрале одговорот под б) се согласувам, и дури 2 (7,40%) испитаници одговориле под в) не се согласувам. Ваквиот однос ни покажува дека стручноста мора и треба да се поткрене на повисоко ниво за целосна реализација на проектите во областа на образованието.




На тврдењето под бројот 13: ***Сите проекти се успешни и работат со полна пареа низ изминатите месеци***, 4 (14,8%) испитаници одговориле дека цврсто се согласуваат, само 20 (74,0%) од испитаниците одговориле дека се согласуваат а дури 3 (11,1%) од испитаниците се решиле за одговорот не се согласувам. Ова ни предизвикува едно колебање дали навистина проектите се успешни и работени со полна пареа.




На прашањето со број 14: ***Учениците секогаш доброволно ги прифаќаат новитетите и проектите на општината***, односот на одговорите е следен: 4

(14,8%) испитаници одговориле под а) цврсто се согласувам, 21 (77,7%) од испитаниците одговориле под б) се согласувам, а 2 (7,40%) од вкупниот број на испитаници (27 членови) одговориле под в) не се согласувам.




На последното поставено прашање: ***Вие, како училишен одбор сте задоволни од работата на општината, училиштето во областа на образованието и воспитанието на младите деца***, членовите на одборот а воедно и испитаници одговориле вака: под а) цврсто се согласувам одговориле 5 (18,5%) испитаници, под б) се согласувам одговориле 21 (77,7%) испитаници а под в) не се согласувам одговорил само еден испитаник (3,7%)



**ТАБЕЛА БР. 2**

**Резултати од прашалникот бр. 2**

**Одговорите од прашањата за членовите на училишниот одбор**

| | Цврсто се согласувам | | Се согласувам | | Не се согласувам | | ///////// |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Праш број | Број на испит-аници | % | Број на испита-ници | % | Број на испита-ници | % | Вкупно бодови |
| 1 | 8 | 29,6% | 19 | 70,3% | 0 | 0,0% | 46 |
| 2 | 8 | 29,6% | 19 | 70,3% | 0 | 0,0% | 46 |
| 3 | 8 | 29,6% | 19 | 70,3% | 0 | 0,0% | 46 |
| 4 | 8 | 29,6% | 16 | 59,2% | 3 | 11,1% | 40 |
| 5 | 12 | 44,4% | 15 | 55.5% | 0 | 0,0% | 42 |
| 6 | 0 | 0,0% | 1 | 3,7% | 26 | 96,2% | 53 |
| 7 | 0 | 0,0% | 20 | 74,0% | 7 | 25,9% | 47 |
| 8 | 2 | 7,40% | 20 | 74,0% | 5 | 18,5% | 47 |
| 9 | 2 | 7,40% | 18 | 66,6% | 7 | 25,9% | 45 |
| 10 | 5 | 18,5% | 19 | 70,3% | 3 | 11,1% | 46 |
| 11 | 5 | 18,5% | 21 | 77,7% | 1 | 3,7% | 48 |
| 12 | 7 | 25,9% | 18 | 66,6% | 2 | 7,40% | 45 |
| 13 | 4 | 14,8% | 20 | 74,0% | 3 | 11,1% | 47 |
| 14 | 4 | 14,8% | 21 | 77,7% | 2 | 7,40% | 48 |
| 15 | 5 | 18,5% | 21 | 77,7% | 1 | 3,7% | 48 |

**сл. бр. 2 Табела на резултатите од прашалникот прикажани процентуално**

## 1.3. Квалитативна анализа и докажување на хипотезите

При докажување на хипотезите потребно е да се изврши квалитативна анализа на добиените резултати. За таа цел одговорите од прашалниците се групирани во прилог на докажување на секоја хипотеза поединечно, односно во согласност со варијаблите. Бодирањето на одговорите од прашалниците број 1 е изведено на следниот начин: одговорот а) никогаш добива 0 бодови, одговорот под б) понекогаш добива 1 бод и одговорот под в) секогаш добива 2 бода. Максималниот број на бодови под едно прашање, доколку сите испитаници одговориле со одговор под в) секогаш, ќе биде бројот на испитаници помножен со 2, а минималниот е 0 доколку сите испитаници одговорат под а) никогаш. Вкупниот број на бодови од

прашања кои даваат одговор на една варијабла се собираат и се делат со бројот на прашањата. Добиениот просек ќе биде поделен на четири дела. Истиот принцип се применува и кај второт прашалник, но таму одговорот под а) цврсто се согласувам добива 2 бода, одговорот под б) се согласувам добива 1 бод и одговорот в) не се согласувам добива о бодови. Начинот на распределба е потполно ист (четири дела).

## Табели за докажување на хипотезите според прашалникот бр. 1

Вкупниот број на бодови добиени од резултатите од прашалникот број 1 изнесува *4584*. Тој број го делиме со бројот на прашањата од истиот тој прашалник и добиваме 230. Вака добиениот број го делиме со четири за да ја одредиме границата на линијата на континуумот за докажување на хипотезите. Во нашиот случај таа изнесува 58. Тоа се 58 бода, кои ќе ни помогнат да ги докажеме хипотезите.

**ИЛИ**

| | |
|---|---|
| до 1/4 бодови | ***лоша* (доверба)** |
| до 2/4 бодови | *слаба* (доверба) |
| до 3/4 бодови | *доволна* (доверба) |
| до 4/4 бодови | *одлична* (доверба) |

**сл. бр. 3 Бодови за докажување на хипотезите**

| | |
|---|---|
| од 0 до 14 бода | **лоша доверба** |
| од 14 до 30 бода | слаба доверба |
| од 30 до 44 бода | доволна доверба |
| од 44 до 58 бода | одлична доверба |




**сл. број 4 – линија на континуум на прашалникот бр.1**

## Табели за докажување на хипотезите според прашалникот бр. 2

Вкупниот број на бодови добиени од резултатите од прашалникот број 2 изнесува <u>*694.*</u> Тој број го делиме со бројот на прашањата во истиот прашалник и го добиваме бројот 46.

## ИЛИ

| | |
|---|---|
| до 1/4 бодови | ***лоша*** **(доверба)** |
| до 2/4 бодови | *слаба* (доверба) |
| до 3/4 бодови | *доволна* (доверба) |
| до 4/4 бодови | *одлична* (доверба) |

**сл.бр. 5 Бодови за докажување на хипотезите**

| | |
|---|---|
| од 0 до 12 бода | **лоша доверба** |
| од 12 до 25 бода | слаба доверба |
| од 25 до 34 бода | доволна доверба |
| од 34 до 46 бода | одлична доверба |




**сл.број 6 – линија на континиум на прашалникот бр.2**

## 1.4. Анализа на резултатите од истражувањето (анкети, протоколи и прашалници, интервју)

### 1.4.1 Интервју за директори на основните училишта

На интервјуто за директори се одѕваа сите троица директори на основните училишта. Тие го потполнија прашалникот и соодветно (според свое индивидуално мислење) одговорија на поставените прашања. Тие сметаат дека успешноста на наставата е реализирана во висок процент, пресметувајќи ја вредноста на дадените одговори. Анализирајќи ги резултатите забележуваме дека мислењата на директорите повеќе се едногласни. Тие сметаат во голем процент (ако одговорот „да“ го сметаме како 90-100% висок), дека наставата се одвива согласно наставните програми и правила.

***ТАБЕЛА БРОЈ 1.***

Во табелата број 1 ги имаме претставено резултатите т.е одговорите добиени од директорите на трите основни училишта кои се наоѓаат во Општина Илинден. Според нивните одговори, можеме да кажеме дали училиштата функционираат со полна converse пареа или делумно, во зависност од вработениот кадар и самите директори.

***Резултатите од интервјуто за директори***

***Одговорите на директорите од трите основни училишта***

| ***Основни училишта*** | ***Браќа Миладиновци*** *прв директор* | ***Ристо Крле*** *втор директор* | ***Гоце Делчев*** *трет директор* |
|---|---|---|---|
| 1. | ЧЕСТО | ЧЕСТО | ОД ВРЕМЕ НА ВРЕМЕ |
| 2. | Комуникација и посветеност на учениците | Образовен и воспитен аспект | Применување на разни методи за работа |
| 3. | НЕ | НЕ | Понекогаш |
| 4. | ДА | ДА | ДА |
| 5. | ДА | делумно ДА | ДА |
| 6. | ДА | ДА | ДА |
| 7. | ДА | ДА | ДА |
| 8. | ДА | ДА | ДА |
| 9. | НЕ | НЕ | ПОВРЕМЕНО |
| 10. | 100% | 100% | 85% |

Вака добиените резултати можеме да ги претставиме и во еден графикон кој ќе ни покаже во каков однос се трите училишта.

Тоа би изгледало вака:




**сл.7 Графикон за успешноста на наставата во трите основни училишта според мислењето на директорите**

### 1.4.2. Интервју за градоначалникот на Општина Илинден

Интервјуто кое беше наменето за градоначалникот на Општината е реализирано токму затоа што градоначалникот на општина Илинден, господин Жика Стојановски се одѕваа на истото. Тој го потполни прашалникот и соодветно (според свое индивидуално мислење) одговори на поставените прашања. Тој сметаат дека наставата е реализирана во висок процент, исто како што е реализирана и меѓусебната соработка помеѓу Општината и трите основни училишта во истата општина. Анализирајќи ги резултатите забележуваме дека мислењата т.е одговорите на градоначалникот најмногу се однесуваат на материјално – финансиската помош кон училиштата, за која тој смета дека е должност, а не обврска на Општината. Тој сметаат во голем процент (ако одговорот „да" го сметаме како 90-100% висок), дека наставата се одвива согласно наставните програми и правила, дека трите основни училишта успешно ја промовираат Општината но и самите себе, со што тој како градоначалник се гордее.

***ТАБЕЛА БРОЈ 2.***

Во табелата број 2 ги имаме претставено резултатите т.е одговорите добиени од градоначалникот (господинот Жика Стојановски) на Општина Илинден. Според одговорите искажани од негова страна, можеме да кажеме дали училиштата функционираат според наставните програми и дали материјално и финансиски се потпомогнати од самата Општина т.е дали меѓусебната поддршка е реализирана.

***Резултатите од интервјуто со градоначалникот на Општината***

***Одговорите на градоначалникот Жика Стојановски***

| **Фокусни точки на интервјуто** | **///////////////// //////////** | **..................................** |
|---|---|---|
| ***Воспоставување на заемна врска на градоначалникот со трите основни училишта во истата општина*** | **Прашања** | ***Огодвори*** |
| | **1.** | *Да* |
| | **2.** | *Да (делумно) може и целосно но не во сите три училишта* |
| | **3.** | *Материјално – финансиска поддршка* |
| | **4.** | *Често* |
| | **5.** | *Да* |
| | **6.** | *Да, токму затоа што им е потребно* |
| | **7.** | *Да* |
| | **8.** | *Да, помагаме секогаш кога е потребна на најразлични начини, соработка, поддршка, реализација на прокети* |
| | **9.** | *Да, секогаш* |
| | **10.** | *Често, учествуваме со материјално – финансиска поддршка и ги оспособуваме училиштата за целосна успешна работа* |

Вака добиените резултати можеме да ги претставиме и графички со пита која ќе ни го покаже односот на одговорите на градоначалникот и неговиот личен придонес кон училиштата како лидер, што јас го стекнав низ текот на интервјуто.

Тоа би изгледало вака:




**сл.8 Графички приказ на ставовите и поддршката од градоначалникот**

## 1.4.3. Протокол наменет за сите три директори на основните училишта

Протоколот или прашалникот е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата. Протоколот беше пополнуван анонимно од страна на сите три директори на основните училишта во Општината. Сите добиени одговори се користат за докажување на целите на ова истражување, со намера да ја подобриме состојбата во самите училишта. Добиените одговори од страна на директорите ја покажуваат нивната варијабилност како во реализацијата на наставата така и во потребната соработка од локалната заедница. Но, сепак истите ни даваат насока каде е потребна одредена интервенција од страна на градоначалникот и самата локална заедница.

***ТАБЕЛА БРОЈ 3.***

Во табелата број 3 ги имаме претставено резултатите т.е одговорите добиени од трите директори на основните училишта во Општината. Според одговорите искажани од нивна страна, можеме да кажеме дали училиштата функционираат според наставните програми и дали врската која постои помеѓу основните училишта и локалната заедница е цврста, присутна и функционална кога е потребно.

**Резултатите од протоколот/прашалникот за директорите на основните училишта**

**Одговорите на трите директори на училиштата**

| Прашања | Браќа Миладиновци | Ристо Крле | Гоце Делчев |
|---|---|---|---|
| *//////////////////* | ***прв директор*** | ***втор директор*** | ***трет директор*** |
| ***1.*** | ***10 години*** *(претходно искусто – големо)* | ***10 години*** *(претходно искуство – 16 год.)* | ***10 години*** *(претходно искуство – 18 год.)* |
| ***2.*** | *многу* | *делумно* | *Делумно* |
| ***3.*** | *многу* | *многу* | *Многу* |
| ***4.*** | *успешна* | *успешна* | *Успешна* |
| ***5.*** | *Да* | *Да* | *Не* |
| ***6.*** | *Да* | *Да* | *Не* |
| ***7.*** | *многу* | *многу* | *Многу* |
| ***8.*** | *Усвојување на полугодишен и годишен извештај, проекти, културни манифестации, спортски активности, стручна служба и технички персонал* | *Финансиска поддршка, реализација на прокети од корист и на општината и на училиштето* | *Поставување ново греење во училиштето на геотермални води, доградба на две училници и нови тоалети во училиштето* |
| ***9.*** | *Да* | *Да* | *Делумно* |

Вака добиените резултати можеме да ги претставиме и во еден графикон кој ќе ни покаже во каков однос се трите училишта со локалната заедница т.е дали директорите се задоволни од врската која е воспоставена со Општината.

Тоа би изгледало вака:




**сл. 9 Графички приказ за односот на општината и училиштата изразен во проценти**

### 1.4.4. Анкета за членовите на училишниот одбор (анализа и интерпретација на резултатите за квалитетот и важноста на училишниот одбор)

Оваа анкета/анкетен лист е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата т.е училишниот одбор. Анкетниот лист беше пополнет анонимно од 27 – те членови на училишниот одбор, и сите добиени одговори беа искористени само за целите на ова истражување. Најпрво направивме анализа на резултатите според квалитетот а потоа и според важноста односно од вкупно 27 испитаници ги добивме следниве оценки за квалитет и важност на училишниот одбор, изразени графички – во проценти подолу во истражувањето а потоа и прикажани во табела:

***КВАЛИТЕТ:***

Од вкупно 27 испитаници ги добивме следниве резултати:

На прашањето под број 1. ***Како го оценувате Вашето искуство како член на училишниот одбор на самите училишта***, ги добивме следниве одговори за квалитет, 6 испитаници дале оценка 5 (22%), 18 оцениле со 4-ка (66%), 3 испитаници дале оценка 3-ка (11%), додека за оценките 1 и 2 не се одличил ниту еден од испитаниците значи 0 (0,0%)




Второто прашање кое гласи, ***Како ја оценувате Годишната програма за работа на училишниот одбор и општината***, беше одговорено на следниов начин: 10 испитаници се решиле да дадат оценка 5 – ка (37%), 15 од нив дале 4-ка (55%), 2 од испитаниците дале оценка 3-ка (7,4%) додека за оценките 2, 1 нема ниту еден одговор, значи 0 (0.0%)




На третото прашање, ***Како го оценувате Правилникот за работа на училишниот одбор***, одговорите се следни од вкупно 27 испитаници 14 од нив дале оценка 5-ка (51,8%), 13 пак се решиле за 4-ка ( 48,1%), додека за оценките 3, 2, 1 не се решиле ниту еден од 27-те испитаници.




Четвртото тврдење или прашање кое гласи, ***Како го оценувате Годишниот детален план на училиштето и Извештајот на директорот за работата на училиштето***, резултатите од вкупно 27 испитаници се следниве за оценката 5-ка се решиле 18 испитаници (66%), за оценката 4- ка се решиле 6 од испитаниците (22%), за оценката 3-ка се одлучиле 3 од нив (11%), а како и во претходните прашања за оценките 1 и 2 нема ниту еден одговор (0,0%)




Петтото прашање, ***Каков е пристапот до публикациите издадени од Министерството за образование кои се на располагање во училиштето,*** одговорите на испитаниците се следните: 8 од вкупно 27 испитаници се решиле за

оценката 5- ка (29,6%), за оценката 4- ка се решиле 16 од нив (59,2%), меѓу нив за оценката 3-ка се решиле 2 испитаници (3,7%), за оценката 2- ка се одлучил еден испитаник (3,7%), додека за оценката 1-ца ниту еден (0,0%)




На прашањето број 6, ***Како ја оценувате соработката на советот на родители со училишниот одбор и директорот***, одговорите изгледаат вака: од вкупно 27 членови на училишниот одбор 18 се решиле да оценат со највисока оценка 5-ка (66%), деветмина од нив се решиле за оценката 4-ка (33%), додека за другите оценки не се одлучил ниту еден од испитаниците т.е членовите на одборот (0,0%)



На прашањето со реден број 7, ***Како ја оценувате транспарентноста на работата на училишниот одбор***, одговорите на 27 испитаници се распределени вака: за највисоката оценка се решиле 9 испитаници (33%), исто толку се решиле и за оценката 4-ка (33%), понатаму за оценката 3-ка се решиле 4 од испитаниците (14,8%), за оценката 2- ка се одлучил 1 испитаник (3,7%) и неочекувано за најниската оценка се одлучиле 4 од испитаниците (14,8%)




Прашањето број 8, ***Како го оценувате учеството на училишниот одбор во изборот на учебници и проекти во образованието***, е одговорено на следниот начин: од 27 членови на одборот петмина се решиле за највисоката оценка (18,5%), 12 од нив одговориле со 4- ка (44,4%), ист број на испитаници (по четворица) се решиле за оценките 3-ка и 2-ка, додека за најниската оценка се решиле дури двајца од нив (7,4%)




Деветтото прашање, Какви се каналите на комуникација со претставниците од советот на родители, од училишните одбори на сите три училишта, директорите и општината, беше одговорено на следниот начин: 5 од испитаниците одговориле со 5-ка (18,5%), 12 од нив се одлучиле за 4-ка (44,4%), понатаму 4 од испитаниците се определиле за 3-ка (14,8%), исто толку се определиле и за следната оценка 2-ка (14,8%) и за 1-цата се одлучиле двајца испитаници (7,4%)




И последното, десетто прашање, Транспарентноста на работата на трите училишните одбори при избор и финансирање на воншколските активности наменети за учениците, од 27 испитаници беше реализирано на овој начин: само двајца од нив дале највисока оценка (7,4%), дури 17 испитаници се решиле за 4-ката (62,9%), 5 од нив дале оценка 3- ка (18,5%), 3 од членовите дале оценка 2-ка (11%) а ниту еден не се определил за најниската оценка (0,0%)




***ВАЖНОСТ:***

Од вкупно 27 испитаници ги добивме следниве резултати за важноста на училишниот одбор:

На прашањето под број 1. ***Како го оценувате Вашето искуство како член на училишниот одбор на самите училишта***, ги добивме следниве одговори за важност: од вкупно 27 испитаници само 8 од нив се определиле за највисоката оценка 4- ка (29,6%), дури 18 од нив се решиле за оценката 3- ка (51%), петмина од испитаниците дале одговор за оценката 2- ка (18,5 %) а ниту еден не ја дал најниската оценка т.е 0,0%



Второто прашање кое гласи, ***Како ја оценувате Годишната програма за работа на училишниот одбор и општината***, беше одговорено на следниов начин за важноста на одборот т.е 18 испитаници се определиле за 4- ка (66%), 9 од нив се решиле за 3- ка (33,3%) а ниту еден од нив не дал позитивен одговор за оценките 2 и 1 (0,0%)




На третото прашање, ***Како го оценувате Правилникот за работа на училишниот одбор***, одговорите се следни од вкупно 27 испитаници 18 дале одговор за највисоката оценка 4- ка (66,6%), девет од нив се решиле за 3- ка (33,3%), додека за оценките 1 и 2 ниту еден од испитаниците не се определил (0,0%)




Четвртото тврдење или прашање кое гласи, ***Како го оценувате Годишниот детален план на училиштето и Извештајот на директорот за работата на училиштето***, резултатите од вкупно 27 испитаници се следниве односно

одговорите на ова прашање се идентични како претходните т.е 18 за 4- ка (66,6%), 9 за 3- ка (33,3%), а ниту еден за 2 и 1 значи (0,0%)




Петтото прашање, ***Каков е пристапот до публикациите издадени од Министерството за образование кои се на располагање во училиштето,*** одговорите на испитаниците се следните: деветмина од нив ја дале највисоката оценка 4- ка (33,3%), дури 16 од нив се решиле за 3- ка (59,2%), за оценката 2- ка се определиле двајца испитаници (7,4%) а за 1- цата ниту еден испитаник (0,0%)




На прашањето број 6, ***Како ја оценувате соработката на советот на родители со училишниот одбор и директорот***, одговорите изгледаат вака: 16 од вкупно 27 испитаници се определиле за највисоката оценка 4- ка (59,2%), 8 од нив се решиле за 3- ка (29,6%), дури 3 од испитаниците дале оценка 2- ка (11%), и секако ниту еден испитаник не ја дал најниската оценка (0,0%)




На прашањето со реден број 7, ***Како ја оценувате транспарентноста на работата на училишниот одбор***, одговорите на 27 испитаници се распределени вака: 18 од нив дале највисока оценка (66,6%), 7 пак ја дале оценката 3- ка (25,9%), а само по еден од испитаниците дале оценки 1 и 2 (3,7%)




Прашањето број 8, ***Како го оценувате учеството на училишниот одбор во изборот на учебници и проекти во образованието***, е одговорено на следниот начин: од вкупно 27 членови на одборот 14 се определиле за оценката 4- ка (51%), 13 се определиле за 3- ка (48%), додека за другите две оценки нема ниту еден испитаник (0,0%)




Деветтото прашање, Какви се каналите на комуникација со претставниците од советот на родители, од училишните одбори на сите три училишта, директорите и општината, ист број на испитаници т.е по 13 од нив се определиле за оценките 4 - 3 т.е (48%), за оценката 2- ка се определил само еден од испитаниците (3,7%) и секако за последната најниската оценка нема ниту еден испитаник (0,0%)




И последното, десетто прашање, ***Транспарентноста на работата на трите училишните одбори при избор и финансирање на вонишколските активности наменети за учениците***, членовите на училишниот одбор се определиле на следниов начин: 9 од нив дале 4 –ка (33,3%), 14 од нив дале 3- ка (51%), 2 од нив дале 2-ка (7,4%) и исто толку дале и 1- ца (7,4%)




Вака добиените резултати ги претставуваме и табеларно за да можеме да заклучиме како точно се оценете квалитетот и важноста на училишниот одбор во трите основни училишта во Општината. Според подолуприкажаните табели, ***квалитетот*** е оценет со *4- ка* или ***добро***, што значи дека во иднина училишниот одбор мора да се поправи за да биде оценет со највисока оценка за неговата работа, додека ***важноста*** е оценета со *4-ка* што претставува и највисока оценка, а тоа значи дека важноста на училишниот одбор е оценета како ***многу важна***, и навистина е така. Училишниот одбор во Општината сепак има голема важност за меѓусебната соработка и воспоставена врска помеѓу училиштата и локалната заедница.

*Табеларно претставени резултатите изгледаат вака:*

***Резултатите од анкетата за членовите на училишниот одбор***

***Одговорите добиени од членовите на училишниот одбор***

***ТАБЕЛА БР. 4***

| ///////////// // | ОЦЕНКИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прашање** | **5 (многу добро)** | **4 (добро)** | **3 (прифатливо)** | **2 (лошо)** | **1 (многу лошо)** |
| **1.** | 6 | 18 | 3 | / | / |
| **2.** | 10 | 15 | 2 | / | / |
| **3.** | 14 | 13 | / | / | / |
| **4.** | 18 | 6 | 3 | / | / |
| **5.** | 8 | 16 | 2 | 1 | / |
| **6.** | 18 | 9 | / | / | / |
| **7.** | 9 | 9 | 4 | 1 | 4 |
| **8.** | 5 | 12 | 4 | 4 | 2 |
| **9.** | 5 | 12 | 4 | 4 | 2 |
| **10.** | 2 | 17 | 5 | 3 | / |
| **Вкупно бодови** | **95** | **127** | **27** | **12** | **8** |

***Резултатите од анкетата за членовите на училишниот одбор***

***Одговорите добиени од членовите на училишниот одбор***

***ТАБЕЛА БР. 5***

| //////////// | ОЦЕНКИ ЗА ВАЖНОСТ | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прашање** | **4 (многу важно)** | **3 (важно)** | **2 (малку важно)** | **1 (воопшто не е важно)** |
| **1.** | 8 | 14 | 5 | / |
| **2.** | 18 | 9 | / | / |
| **3.** | 18 | 9 | / | / |
| **4.** | 18 | 9 | / | / |
| **5.** | 9 | 16 | 2 | / |
| **6.** | 16 | 8 | 3 | / |
| **7.** | 18 | 7 | 1 | 1 |
| **8.** | 14 | 13 | / | / |
| **9.** | 13 | 13 | 1 | / |
| **10.** | 9 | 14 | 2 | 2 |
| **Вкупно бодови** | **159** | **112** | **13** | **3** |

# ДЕЛ 4

## 1. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Ова целото истражување претставува студија на случај во Општина Илинден заедно со трите најголеми основни училишта во неа : ОУ „Гоце Делчев“, ОУ „Ристо Крле“, ОУ „Браќа Миладиновци“. Сама идеја за ова истражување произлезе од постојаниот т.е континуираниот одличен развој на општината Илинден и нејзиното залагање на внесување на иновации во образовниот систем. Си те единки кои беа вклучени во истражувањето не дадоа а и не се очекуваше никаков отпор, затоа што сиот колектив е навикнат на овие истражувачки активности. Сите претпоставки кои беа поставени во вид на хипотези, цели или пак задачи ќе се докажат во позитивна смисла и со целосен успех, познавајќи ги испитаниците и нивните одговори. Затоа од ова истражување можеме да кажеме дека произлегуваат следниве согледување:

- За создавање на поволна училишна клима и пријатна атмосфера за работа и развој, општината има пресудна улога. За да може истата соодветно да реагира во некои конкретни ситуации и да го поведе образовниот систем а со тоа и училиштата напред, задолжително мора и треба да се одликува со високи морални способности и целиот тој динамичен склоп да важи за пример кој треба да се следи на полето на инвестициите и другите карактеристики.
- Општината но и самите училишта треба мотивираноста/мотивирањето на вработените во двата сектора секогаш да го ставаат на пред план и тоа за сите видови работни задачи, наставни или воннаставни, вклучување во проекти па и во ефективната комуникација. Мотивацијата треба да биде вклучена и во соработката при градењето на чувство за посветеност кон училиштето, како и чувство на одговорност, точност и совесност.
- Општината и училиштата со помош на нивната заемна соработка и константна комуникација, секогаш го надминуваат негативното влијание. Негативното влијание во овој период за време на развој на образованието

е само финансискиот фактор и евентуално материјално – техничкиот. Но со здружена соработка и земно помагање, општина успева да го реши тоа, а последиците кои се секогаш позитивни да се почувствуваат во училиштата преку нови проекти, или санитарии.

- Со ова истражување се потврдува уште еднаш укажаната доверба што ја имаат училиштата заедно со своите вработени кон општината, како професионалец во реализирањето на проектите во областа на образованието. Постоењето расположение за прифаќање на ставовите на општината во нормални , но и во некои неповолни околности е доказ за силните водствени способности на самата општина, прифатени од училиштата ( нивните директори).
- Во нашето предистражување беа остварени работни средби со директорите на трите училишта и со градоначалникот, се со цел да се заклучи и увиди дека општината рамноправно и фер инвестира во сите училишта. Можеме да заклучиме дека самите вработени почнувајќи од директорите па се до училишниот одбор почнуваат да обрнуваат внимание на нивно усовршување преку инсистирање за посетување на семинари во организацијата на Бирото за развој на образованието, МОН во соработка со USAID, и почнуваат да практикуваат организирање на интерни обуки за сите засегнати елементи од овој образовен блок.

На самиот крај можеме само да кажеме некои предлог мерки кои неминовно произлегоа од самото истражување. Можат да се наведат следниве:

- Добро би било да се изврши вакво или слично истражување на ниво на град Скопје за да се добие поцелосна слика за соработката помеѓу општините и основните училишта или да се насочи кон развивање на врската помеѓу општината и средните училишта
- Добиените сознанија од истражувањето да се искористат за подобрување на состојбите во училиштата каде што е потребно или уште повеќе да се зајакне сегашната нивна состојба и развој.

## 2. ЗАКЛУЧОК

*Вашите деца не се ваши деца*
*Тие се синови и ќерки на копнежот на Животот.*
*Тие настануваат низ вас, но не од вас,*
*И иако се тие со вас , тие вам не ви припаѓаат*
*Можете да им ја дадете вашата љубов,*
*Но не и вашите мисли*
*Зошто тие имаат сопствени мисли.*
*Вие можете да ги вдомите нивните тела,*
*Но не и нивните души.*
*Бидејќи нивните души живеат во куќата на утрешнината,*
*Која вие не можете да ја посетите,*
*Дури но во соништата ваши.*
*Вие можете да тежнеете да бидете како нив,*
*Но не терајте ги нив да бидат како вас*
*Зошто животот не се враќа назад,*
*Ниту се задржува во минатото.*

***Калил Џибран***

Никогаш, ама баш никогаш не е доцна да се започне со било активност од страна на општината насочена кон училиштата, се со цел да му се помогне на образовно – воспитниот процес. Важно е тоа да бидеме сигурни дека со вклучувањето на општината и сите нејзини ресурси во работата на училиштата помагаме на своите деца но си помагаме и себе си. Така сме најблиски до своето дете, до идните колеги носители на иднината, до она што тоа е додека расте и се развива. Секое вклучување па дури и редовната посета на одредени луѓе од локалната заедница во училиштата е плус и скалило повисоко кон успехот и

зајакнување на врската помеѓу училиштето и општината. Успехот на училиштето и успех на локалната заедница. Со самото нејзино вклучување во училиштето добиваме позитивни ефекти на повеќе полиња, како образовни така воспитни и функционални во секојдневието. Со правилна поделба на улогите ќе добиеме и успешна училишна атмосфера и животна локална заедница. Во образовниот систем и во училиштата постојат многу нешта кои претставуваат трајна вредност и тие треба да останат во новата структура, она што е вишок и паразитско да се елиминира, она што не е лошо а слабо функционира да се поправи и да се оспособи за успешно дејствување. Да се имплементираат проверени иновативни елементи и по еволутивен пат да се создава рационална, ефикасна и продуктивна нова структура на образовниот систем и неговите институции. Нашата општина во целост го чини тоа.

# 3. ПРИЛОЗИ

Во прилози ги внесуваме сите акнетни листови, прашалници и интервјуа извршени при истражувањето. Подоцна како краен податок ги внесуваме и податоците (анализите) во табели или графикони, со што даваме конечен и завршен преглед на истражувањето, односно еден вид негова верификација потврдена со факти и докази.




**Сл. бр.15 – Прилози во врска со истражувањето**

## АНКЕТА 1

Почитувани членови на Општина Илинден

Оваа анкета/анкетен лист е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата. Анкетниот лист се пополнува анонимно и по Ваша желба.

Сите одговори ќе се користат само за целите на ова истражување.

Ве молиме да одговорите на следните прашања оценувајќи ја Вашата согласност и важноста на дадените исказите според следната скала, со што би можеле да го изразите вашето мислење.

Ви благодарам за соработката,

Крстевска Душанка

**СОГЛАСНОСТ ВАЖНОСТ**
1- потполно се согласувам 1- воопшто не е важно
2 – не се согласувам 2- малку е важно
3 – не можам да се одлучам 3 – важно е
4 – се согласувам 4 – многу е важно
5 – потполно се согласувам

| ***Забележете со „X" во кој степен се согласувате со следните искази за училиштето*** | Согласност 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Училиштето има активна и продуктивна комуникација со локалната заедница / општина. | | | | | |
| 2. Училиштето ја запознава локалната заедница со нејзините права и должности во училиштето. | | | | | |
| 3. Училиштето бара мислење/согласност од општината за вонсколските активности финансирани од самата општина. | | | | | |
| 4. Во училиштето се прави годишно истражување за идеите, проектите на општината кон училишните активности. | | | | | |
| 5. Директорите и градоначалникот имаат добра и редовна комуникација. | | | | | |
| 6. Училиштето навремено ја информира локалната заедница за предвидените средби и ни овозможува престој во просторија наменета за состаноци. | | | | | |

| ***Забележете со „X" колку мислите дека следните искази се важни за работата на советот на родители*** | Важност 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 7. Во училишниот одбор и од претставниците на општината треба да бидат оние членови кои имаат поголеми познавања од областа на одлучувањето, менаџирањето и образованието | | | | |
| 8. На состаноците секогаш да присуствуваат нови членови иако не се дел од општината или училишниот одбор | | | | |
| 9. Општината секогаш треба да ги поттикнува учениците и наставниците волонтерски да учествуваат во новите проекти | | | | |
| 10. Локалната заедница треба да има значајна улога при селекција на учебниците. | | | | |

**11. Според ваше мислење кои од овие активности можат да ја подобрат активната работа и менаџирањето на локалната заедница во училиштата:**

а) навремено информирање за состаноците

б) желба и подготвеност на локалната заедница за соработка со училиштата

в) менаџирањето од страна на менаџерскиот тим на локалната заедница да биде на повисоко ниво кон училиштата

г) управничките способности на претседателот (градоначалникот) на општината

**12. Ако имате било каква сугестија, предлог или мислење за подобрување на работата и активноста општината во училиштето Ве молам наведете ги :**

**Ви благодарам за посветеното време.**

## АНКЕТА 2

Почитувани членови на училишниот одбор,

Оваа анкета/анкетен лист е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата. Анкетниот лист се пополнува анонимно и по Ваша желба.

Сите одговори ќе се користат само за целите на ова истражување.

Ве молиме да одговорите на следните прашања оценувајќи ја Вашата согласност и важноста на дадените исказите според следната скала, со што би можеле да го изразите вашето мислење.

Ви благодарам за соработката,
Крстевска Душанка

**КВАЛИТЕТ ВАЖНОСТ**

1- многу лошо 1 – воопшто не е важно

2- лошо 2 – малку е важно

3 – одвај прифатливо 3 – важно е

4 – добро 4 – многу е важно

5 – многу добро

| квалитет | | | | | Тврдење/исказ | важност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | | | | | 1. Како го оценувате Вашето искуство како член на училишниот одбор на самите училишта | | | | |
| | | | | | 2. Како ја оценувате Годишната програма за работа на училишниот одбор и општината | | | | |
| | | | | | 3. Како го оценувате Правилникот за работа на училишниот одбор | | | | |
| | | | | | 4. Како го оценувате Годишниот детален план на училиштето и Извештајот на директорот за работата на училиштето. | | | | |
| | | | | | 5. Каков е пристапот до публикациите издазени од Мин. за образование кои се на располагање во училиштето | | | | |
| | | | | | 6. Како ја оценувате соработката на советот на родители со училишниот одбор и директорот | | | | |
| | | | | | 7. Како ја оценувате транспарентноста на работата на училишниот одбор | | | | |
| | | | | | 8. Како го оценувате учеството на училишниот одбор во изборот на учебници и проекти во образованието | | | | |
| | | | | | 9. Какви се каналите на комуникација со претставниците од советот на родители, од училишните одбори на сите три училишта, директорите и општината. | | | | |
| | | | | | 10. Транспарентноста на работата на трите училишните одбори при избор и финансирање на воншколските активности наменети за учениците. | | | | |

**11. Ако имате било каква сугестија, предлог или мислење за подобрување на работата на Советот на родители Ве молам наведете ги :**

**Ви благодарам на посветеното време**

# ПРОТОКОЛ

## (наменети за сите три директори на основните училишта )

Почитуван директоре,

Овој протокол или еден вид на прашалник е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата. Протоколот се пополнува анонимно и по Ваша желба[29].

Сите одговори ќе се користат само за целите на ова истражување, со цел да ја подобрите состојбата во самите училишта.

Ве молиме да одговорите на следните прашања оценувајќи ја Вашата согласност и важноста на дадените исказите, заокружувајќи еден од понудените три одговори, со што би можеле да го изразите вашето мислење.

Ви благодарам за соработката,

Крстевска Душанка

[29] Ваков протокол потполнува секој од директорите на основните училишта

# ПРАШАЛНИК ЗА ДИРЕКТОРОТ

О.У.................................................................................................................
Датум.............................................................................................................
Време.............................................................................................................

1. Колку време сте директор на ова училиште и кое е Вашето претходно искуство во образованието?

   а) до 10 г. б) 10-20 г в) над 20 г

   Претходно искуство –

2. Колку обуката за директори Ви помогна да се подготвите за ова работно место:

   а) многу б) делумно в) воопшто

3. Колку успешно соработувате со останатите органи во училиштето – училишниот одбор ?

   а) многу б) делумно в) воопшто

4. Бидејќи предмет на ова истражување е врската помеѓи општината и училиштата, како ја оценувате нивната работа ?

   а) успешна б) задоволителна в) неуспешна

5. Дали законската рамка за правата и должностите на општината кон училиштата е доволна за нивна успешна и продуктивна работа ?

   а) Да б) Не

6. Дали учествувате со совет или инструкции во подготовката на правилникот за работа на општината кон училиштата и училишниот одбор ?

   а) Да б) Не

7. Според Вас, колку од членовите на советот на општината својата функција ја реализираат како вистински партнери со училиштето ?

   а) многу б) делумно в) воопшто

8. Наведете пример за заемна врска помеѓу општината и вашето училиште ?

9. Дали советот и самата општина досега иницирала некои активности за подобрување на работата на Вашето училиштето?

## ПРАШАЛНИК 1

Почитувани наставници и членови на општината

Овој прашалник е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата.

Прашалникот се пополнува анонимно и по Ваша желба.

Сите одговори ќе се користат само за целите на ова истражување.

Под секое прашање има понудено три опции за заокружување што би можеле да го изразат вашето мислење. Одберете една од нив.[30]

Ви благодарам за соработката,

Крстевска Душанка

**1. Имате доверба во финансиската работа на општината ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**2. Дали општината се труди да изнајде материјални извори за училиштето ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**3. Правилната распределба на средствата се забележува во збогатеноста на ентериерот и екстериерот во училиштето ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

[30] Овој прашалник го потполнуваат наставниците и членовите на општината (сектор за образование)

**4. Општината ги заштитува и зајакнува заедништвото и стабилноста во однос на меѓучовечките односи во целиот колектив?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**5. Општината се заложува и вложува во стручно усовршување на колективо и наставничкиот кадар?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**6. Општината и училиштата испраќаат дел од наставниците на семинари?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**7. Општината и директорот согласно можностите ја збогатува училишната библиотека?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**8. Општината придонесува за афирмација на училиштата и вработените преку прифаќање и ефикасна реализација на различни проекти?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**9. Директорот и општината ги афирмираат училиштето и вработените со пријавување, организирање и учество на натпревари на знаења и спортски натпревари?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**10. Верувате во исправноста на одлуките и ставовите на Општината ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**11. Финансискиот стимул од општината се добива врз база на транспарентна процедура и изградени критериуми кон сите училишта ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**12. Општината се залага училиштето да стане место со уредна, пријатна атмосфера за работа ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**13. Општината се залага за воспоставување добра соработка со родителите и училишниот одбор ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**14. Помеѓу општината и училиштата се одржуваат состаноци на кои се разработуваат теми во корист на збогатување на квалитетот на образовниот процес?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**15. Училиштата во кои се работи ги исполнуваат оптималните услови за работа ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**16. Општината се запознава со бројност и разновидноста на наставните средства со кои располагаат училиштата ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**17. Заради поефикасна реализација на наставата ги искористувате материјално – техничките потенцијали понудени од општината ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**18. Постигнувате успех во разрешувањето на проблемите кои се јавуваат во комуникацијата и соработката со членовите на општината ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**19. Поради стручно усовршување и афирмација на училиштата, директорите прифаќаат разни проекти од општината ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

**20. Во текот на учебната година се планираат, организираат и посетуваат разни манифестации во училиштата и општината ?**

а) никогаш б) понекогаш в) секогаш

## ПРАШАЛНИК 2

Почитувани членови на училишниот одбор

Овој прашалник е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата.

Прашалникот се пополнува анонимно и по Ваша желба.

Сите одговори ќе се користат само за целите на ова истражување.

Под секое прашање има понудено три опции за заокружување што би можеле да го изразат вашето мислење. Одберете една од нив.[31]

Ви благодарам за соработката,
Крстевска Душанка

[31] Овој прашалник го потполнуваат членовите на училишниот одбор

**1. Општината во целост ги исполнува поставените цели за развој на образованието ?**

**а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам**

**2. Општината се заложува за модерен развој на образованието и училиштата?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**3. Често се бележат високи резултати во развојот на наставата и целото образование ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**4. Секогаш постои добра комуникација помеѓу училиштето и општината?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**5. Училиштата се секогаш отворени за соработка со локалната заедница?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**6. Општината инвестира само во одредена област од образованието и само во едно училиште ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**7. Сите проекти предвидени за 2010/2011година се реализирани ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се с согласувам

**8. Општината е добар менаџер во истите тие проекти ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**9. Училиштата се доволно опремени за современ образовен систем ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**10. Општината и училиштето секогаш си помагаат во решавањето на некои спорни прашања ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**11. Врската помеѓу општината и училиштата постојано се обновува ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**12. Во училиштата и општината се наоѓаат стручни и обучени кадри за реализација на проектите во образованието ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**13. Сите проекти се успешни и работат со полна пареа низ минатите месеци?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**14. Учениците секогаш доброволно ги прифаќаат новитетите и проектите на општината ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

**15. Вие, како училишен одбор сте задоволни од работата на општината, училиштето во областа на образованието и воспитанието на младите деца ?**

а) цврсто се согласувам б) се согласувам в) не се согласувам

## ИНТЕРВЈУ 1/2

Почитуван градоначалник на Општина Илинден

Ова интервју е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата. На интервјуто одговарате на поставените прашањата од испитаникот само по Ваша желба.

Сите одговори ќе се користат само за целите на ова истражување.

Интервјуто ќе биде спроведено во кабинетот на градоначалникот на Општиан Илинден, за кого и е наменето.

Ви благодарам за соработката,

Крстевска Душанка

# ПРОТОКОЛ

## за интервју на фокус- група градоначалник на Општина Илинден

1.Град/село ...........................................................................................

2.Служба/ професија и занимање.......................................................................

3.Градоначалник...........................................................................................

4. Датум...................................................................................................

| Фокусни точки на интервјуто | Дескриптор на иницијални прашања | Директни наводи/одговори |
|---|---|---|
| **1. Воспоставување на заемна врска на градон. со училиш.** | 1. Дали сметате дека општината има доволно капацитет за да го води образовниот систем во училиштата? | |
| | 2. Дали сметате дека вашата заангажираност е доволно ценета и почитувана од страна на наставниците? | |
| | 3. На што точно се базира/ основа вашата врска со училиштата ? | |
| | 4. Колку често наставниците или директорите бараат професионален совет за решавање на некои проблеми? | |
| | 5. Дали сметате дека во Вас гледаат лидер кој го води образовниот систем? | |
| | 6. Дали и колку често во Вас, заедно со општината гледаат и материјално-техничка поддршка? | |
| | 7. Дали училиштата/директорите ги прифаќаат вашите сугестии за внесување на иновации во образовниот систем? | |
| | 8. Дали, кога и како помагате за постигнување на целосен успех на сите три училиште на ниво на град Скопје? | |
| | 9. Дали учествувате а потоа и присуствувате на разни културни и литературни манифестации во општината и во основните училишта. | |
| | 10. Колку често и со какви средства придонесувате за мотивација во работата и постигнување на меѓусебна комуникација со училиштата? | |

## ИНТЕРВЈУ 2/2

Почитуван директоре на основното училиште „Гоце Делчев“[32]

Ова интервју е дел од акционото истражување за врската помеѓу локалната заедница и училиштата. На интервјуто одговарате на поставените прашањата од испитаникот само по Ваша желба.

Сите одговори ќе се користат само за целите на ова истражување.

Интервјуто ќе биде спроведено во кабинетот на директорот на основното училиште, за кого и е наменето.

Ви благодарам за соработката,

Крстевска Душанка

[32] Исти ваков протокол ќе биде спроведен и со другите директори на основните училишта „Ристо Крле“ и „Браќа Миладиновци“.

# ПРОТОКОЛ

## за интервју на фокус- група директори на сите три основни училишта

1. Град/село ..........................................................................................................
2. Основно училиште.................................................................................................
3. Директор.................................................................................................................
4. Датум......................................................................................................................

| **Фокусни точки на интервјуто** | **Дескриптор на иницијални прашања** | **Директни наводи/одговори** |
|---|---|---|
| **1. *Настава (нејзина изведба)*** | 1. Колку често присуствувате на изведба на наставата? | |
| | 2. Наведете ни кои аспекти од наставата најмногу ги следите. | |
| | 3. Дали постојат отстапувања од наставата и на што се должи тоа? | |
| | 4. Дали сметате дека наставниците соодветно ги користат учебниците ? | |
| | 5. Дали сметате дека новите методи на описно оценување се прифатени и применети од наставниците ? | |
| | 6. Дали наставните програми се соодветно реализирани од страна на наставниците? | |
| | 7. Дали на часовите на кои сте присуствувале се воспоставени воспитни цели ? | |
| | 8. Постои ли работна атмосфера во училницата и дали истата се реализира преку заемна комуникација меѓу единките (настав. /ученик) | |
| | 9. Дали имате приговор од страна на родителите за третманот на детето додека е во училиште ? | |
| | 10. Постои ли успешна настава во вашето училиште и колкава е нејзината % -та реализација? | |

# ЛИТЕРАТУРА


1. Адиже И. (1998), *Овладување со промените: Моќта на взаемната почит и доверба во личниот живот, бизнисот и општеството,* Скопје: Центар за кадровски и информатички услуги ДЕТРА.
2. Баракоска, А. (2007), *Педагогија*, учебно помагало, Скопје: Филозофски факултет
3. Галевска-Ангеловска, Н.(1998), *Квалитативни истражувања во воспитаното и образованието,* Битила: Киро Дандаро
4. Гоцевски, Т. (1994), *Новите тенденции на пазарот на трудот и идните занимања,* Струга: Зборник на трудови.
5. Гоцевски, Т. (1999), *Потребата од менџмент во образованието и рехабилитација,* Скопје: Дефектолошка теорија и практика бр. 3-4
6. Гоцевски, Т. (2004), *Економика на образованието,* Куманово: Македонска ризница
7. Гоцевски, Т (2007), *Образовен менаџмент*, Скопје: Филозофски факултет.
8. DuBrin, J. Andrew , (1995), *Leadership*, USA: Houghton Mifflin Company.
9. Ѓорѓиевска, Г. (2004), *Прирачник за родители на ученици од основното образование*, Скопје: Граѓанско образование - Пат кон граѓанско општество.
10. Ѓорѓиевска, Г. (2004), *Родителско – училишна соработка – клуч за унапредување на квалитетот на образованието*, Скопје: Образовни рефлекси бр. 1-2.
11. Закон за основното образование, Сл. весник на РМ, бр. 40/03 , 42/03 и 63/04.
12. Закон за основното образование, Сл. весник на РМ, бр. 103 од 19 август 2008 г.
13. Камберски, К. (1994), *Од буквар до универзитет*, Скопје: Просветно дело.

14. *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*, (2007), Скопје : Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието.
15. Кралев, Т. (1989), *Основи на менаџмент,* второ издание, Скопје: Центар за интернационален менаџмент.
16. Кљусев, Н.(1990), *Информациите како развоен ресурс и економски предизвик,* Скопје: МАНУ.
17. Летописна книга на ОУ „Гоце Делчев“ во с. Белимбегово (денес Илинден), пишувана на рака, за периодот од 1941-1957 год.
18. Летописна книга на ОУ „Браќа Миладиновци“ во с.Миладиновци, пишувана на рака, за историјатот на училиштето од 1937-1957
19. Малковски, Ѓ. ( 2011 ), *Општина Илинден,* Скопје: Општина Илинден
20. Миленкова, В. (2005), *Менаџерска функција – контролирање во основите училишта, Образовни рефлекси,* Скопје : Биро за развој на образованието бр.1
21. Мицковиќ, Н. ( 1991 ), Научно-истражувачката работа во областа на педагогијата денес, Скопје: *Просветно дело,* бр. 4.
22. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија* 2005-2015 ( 2004 ), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија
23. *Национална програма за развој на образованието во РМ 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.
24. *Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и работата на стручните работници – второ издание* ( 1999 ), Скопје: Педагошки завод на Македонија.
25. Петковски, К. (1998), *Менаџмент во училиште,* Скопје: НИРО Просветен работник.
26. Петковски, К. (2000), *Водство и ефективна комуникација*, Битола: Киро Дандаро.
27. Прентон, С. (2009), *Настава и учење на 21-от век* , Скопје: Проект за основно образование на УСАИД.

28. Ратковиќ, М. (1997), *Образовање и промене*, Београд: Учитељски факултет.

29. Ристевска, С., Горгиевска, Г. (2004), *Прирачник за родители на ученици од основното образование,* Скопје: ЦРС – Католички служби за помош.

30. Ubben,G., Hughes, L. (1991), *The Principal*, USA: Creative Lidershipfor Efektive Schools, Allyn and Bacon.

31. USAID, Secondary Education Activity, (2008),Прирачник за училишни одбори, Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

32. Централното основно училиште „ Виктор Бубањ “ , ( 1989 ), 1979-1989 – 10 години воспитна и образовна дејност, Скопје: с.Кадино.

33. Чезговска, И. ( 2004 ), *Ефикасно управување и раководење со училиштата,* Прирачник за членови на училишни одбори и директори на училишта LGRP/USAID

34. Шкариќ ,О. ( 2004) , *Развојна психологија*, Скопје:

35. http:/en.wikipedia.org/wiki/Obrazovanje

36. http:/www.projectappleseed.org/reform.htmlParent involvement checklist

37. http: // www.esc16.net/dept/isserv/title1swi/parental/files